# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 128 Год. LXIII Петок, 19 октомври 2007 Цена на овој број е 150 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1684. | **Одлука** за доделување на наградата “23 Октомври” во 2007 година за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети, вредности и културно-историското наследство на Република Македонија........................ | 2 |
| 1685. | **Правилник** за дополнителните услови за овластување на правно лице за верификација на одредени видови мерила, оцена на сообразност на тип на мерилата и метролошки надзор над пакуваните производи, постапка за овластување на правното лице, задачите на овластеното правно лице и надзорот над исполнетоста на барањата за овластување............................. | 2 |
| 1686. | **Правилник** за поблиските услови и начинот на издавање на лиценца и овластување за изведување на рударски работи.................................................... | 4 |
| 1687. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на книгата за извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања................ | 7 |
| 1688. | **Правилник** за утврдување на поблиските услови и начин на добивање на лиценца и овластување за изработка на рударски проекти............................. | 8 |
| 1689. | **Правилник** за видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударски планови................................. | 12 |
| 1690. | **Правилник** за содржина на рударски проекти................................................. | 15 |
| 1691. | **Правилник** за утврдување на поблиските услови и начин на добивање на лиценца и овластување за изработка на геолошка документација................. | 18 |
| 1692. | **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за приправничкиот стаж и за стручниот испит на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование во траење од три години...................... | 21 |
| 1693. | **Правилник** за формата и содржината на волонтерската книшка, начинот на нејзиното издавање и запишување на податоците....................................... | 22 |
| 1694. | **Правилник** за начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласност за волонтирање на странско лице во Република Македонија.................... | 25 |
| 1695. | **Правилник** за начинот на водење на евиденција на волонтерската работа... | 26 |
| 1696. | **Правилник** за содржината, формата и начинот на донесување на планот за вршење на инспекциски надзор…. | 26 |
| 1697. | **Оглас** од Судскиот совет на Република Македонија................................... | 32 |
| | **Образец** на барање за распределување на автономна тарифна квота за пченица | 32 |
| | **Огласен дел.......................................** | **1-32** |

**ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "23 ОКТОМВРИ"**

**1684.**

Врз основа на членовите 1, 2, 9, 11 и 12 од Законот за државните награди ("Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2006) и членот 4-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди ("Службен весник на Република Македонија" број 54/2007), Одборот за доделување на наградата "23 Октомври", на седницата одржана на 4 октомври 2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "23 ОКТОМВРИ" ВО 2007 ГОДИНА ЗА ДОЛГОГОДИШНИ ОСТВАРУВАЊА ВО ОБЛАСТА НА НАУКАТА, КУЛТУРАТА, ОБРАЗОВАНИЕТО, ЗАШТИТАТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНТЕРЕСИ И ПРОМОЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ ПРИОРИТЕТИ, ВРЕДНОСТИ И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКОТО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

I. За остварување во областа на науката и образованието, наградата се доделува на:

- д-р Танас Вражиновски, етнолог - Скопје и
- проф. д-р Тахир Зајази, методичар - Скопје.

II. За остварување во областа на културата, наградата се доделува на:

- акад. Гане Тодоровски, писател - Скопје.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07 - 4432/2
19 октомври 2007 година
Скопје

Претседател
на Одборот за доделување
на наградата "23 Октомври",
акад. **Томе Бошевски**, с.р.

---

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**1685.**

Врз основа на членовите 20, 30 и 34 од Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНО ЛИЦЕ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ МЕРИЛА, ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА ТИП НА МЕРИЛАТА И МЕТРОЛОШКИ НАДЗОР НАД ПАКУВАНИТЕ ПРОИЗВОДИ, ПОСТАПКА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ, ЗАДАЧИТЕ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ И НАДЗОРОТ НАД ИСПОЛНЕТОСТА НА БАРАЊАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ**

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат дополнителните услови за овластување на правно лице за верификацијата на одредени видови мерила, оцена на сообразност на тип на мерилата и метролошки надзор над пакуваните производи што правното лице треба да ги исполни, постапката на овластување, задачите на овластеното правно лице и надзорот над исполнетоста на барањата за овластување.

II. ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 2

Правното лице кое има извршено упис во трговскиот регистар на Република Македонија може да добие овластување за вршење на: верификација на одредени видови мерила, оцена на сообразност на тип на мерилата и метролошки надзор над пакуваните производи (согласно наведениот опфат во барањето за кое бара овластување), доколку ги исполнува следните дополнителни услови:

1. има најмалку 3 лица во редовен работен однос со високо образование од подрачјето за кое се бара овластувањето;
2. поседува потребни технички средства и опрема;
3. располага со техничка документација за мерилата што се предмет на оцена на сообразноста и за опремата што се користи во постапката за оцена на сообразност;
4. ги применува прописите за оцена на сообразност на мерилата, што се предмет за оцена на сообразност;
5. располага со копии на македонски стандарди официјално добиени од Институтот за стандардизација на Република Македонија, согласно прописите за оцена на сообразност;
6. не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност на правното лице;
7. има склучено договор за осигурување на мерилата и опремата, што се предмет за оцена на сообразност;
8. поседува доказ дека техничкиот персонал посетувал курсеви или обуки за вршење на работите од оцената на сообразноста од опфатот на овластувањето (на типот на мерилата, верификацијата на одредени видови мерила и метролошкиот надзор над пакуваните производи);
9. води соодветна евиденција за работите поврзани со оцената на сообразност (протоколи од извршените метролошките испитувања на тип на мерила, верификацијата на одредени видови мерила и/или метролошкиот надзор над пакуваните производи од опфатот на овластувањето);
10. има доказ дека е солвентно.

Член 3

Ако се бара овластување за прва верификација на масовно распространети мерила, правното лице покрај условите од член 2 на овој правилник, треба да ја има применето постапката за контрола на квалитет на мерилата (QCM ) во производството на мерилата.

Ако се бара овластување за прва верификација на поединечни мерила на местото на нивното вградување, правното лице покрај условите од член 2 од овој правилник треба да обезбеди доказ за:

- оспособеноста за изведување постапки за верификација надвор од неговото седиште (поседување на опрема потребна за верификација што може да се транспортира и употребува на терен) и
- имплементирани постапки за верификација во теренски услови.

Член 4

Правното лице кое бара овластување за одредени постапки за оцена на сообразност на тип на мерило, покрај условите од член 2 на овој правилник, треба да обезбеди доказ за:

- учество во соодветни работни тела на Бирото за метрологија (во натамошниот текст: Бирото) или во технички комитет за изработка на стандарди од областа на оцената на сообразност на тип мерило при Институт за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ);
- доказ за важечко овластување за оцена на сообразност на мерилата за односната категорија мерила и
- доказ за имплементирани постапки за оцена на сообразност со потребни тестирања на мерилата дадени во прописот за оцена на сообразноста за опфатот за кој се бара овластувањето.

Член 5

Правното лице кое бара овластување за метролошки надзор над пакуваните производи, кои се пуштаат на пазар, покрај условите од член 2 на овој правилник, треба да обезбеди доказ за:

- оспособеноста за изведување постапки за метролошки надзор на пакувани производи надвор од неговото седиште (поседување на потребна опрема што може да се транспортира и употребува на терен);
- имплементирани постапки за метролошки надзор на пакувани производи во теренски услови;
- учество во соодветни работни тела на Бирото или во технички комитет за изработка на стандарди од областа на оценатa на сообразност на пакуваните производи при ИСРМ;
- доказ за имплементирани постапки за оцена на сообразност со потребни тестирања и контроли на пакуваниот производ дадени во прописот за оцена на сообразност за опсегот за кој се бара овластувањето.

## III. ПОСТАПКА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 6

Постапката за овластување започнува со поднесување на барање за овластување до Бирото кое треба да содржи:

- име и адреса на седиштето на правното лице;
- образложение во кое ќе бидат наведени: опфатот за што се бара овластување (видови на мерила, опфат на мерната величина, класа на точноста на мерилата, вид на верификацијата) како и називот на прописот за метролошки услови по кој се бара овластување;
- список на поддоговарачи кои учествуваат во процесот на подготовка за изведување на верификацијата и
- краток опис на работните активности во областа за кои се бара овластувањето.

Кон барањето се приложува и нотарски заверена копија на важечкиот сертификат за акредитација (број и соодветни стандарди).

Член 7

Стручната комисија (во натамошниот текст: Комисијата) која е формирана во Бирото врз основа на барањето, приложената документација кон барањето и оцената од надзорот на лице место кај подносителот на барањето (ако е потребно), дава мислење дали барателот ги исполнува условите од овој правилник.

Комисијата за оцена на сообразност за извршениот надзор, составува записник. Доколку се утврдат одредени неусогласености со одредбите од овој правилник се определува рок за нивно отстранување.

Член 8

Комисијата го дава своето мислење на директорот на Бирото во рок од еден месец од денот на поднесувањето на барањето. Врз основа на позитивно мислење на Комисијата, Бирото поднесува предлог за овластување на правното лице до министерот за економија.

Член 9

Решението за овластување ги содржи следните податоци:

- име на правното лице на кое му се дава овластување и адреса на деловното седиште;
- опфат на овластувањето (видови на верификација, видови на мерила, опфат на мерната величина, класа на точноста);
- прописот со кој се утврдени метролошките услови за мерилото за кое се доделува овластувањето;
- податоци од сертификатот за акредитација (број, соодветен стандард);
- единствен број на жигот за верификација на овластеното правно лице и
- временскиот период за кој се дава овластувањето.

Член 10

По истекот на важноста на решенијата за овластување на правни лица, се спроведува постапка за овластување на правните лица согласно овој правилник.

Списокот на овластените правни лица – тела за оцена на сообразност се објавува на веб- страната на Министерството за економија.

## IV. ЗАДАЧИ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ

Член 11

Овластеното правно лице треба да:

- ги исполнува дополнителните услови, непрекинато додека трае овластувањето;
- ги извршува верификациите согласно проверените постапки и Правилникот за начинот и постапката за прва, периодична и вонредна верификација на мерилата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2002);
- работи согласно добрата метролошка пракса (издава следливи мерни резултати со употреба на мерна опрема што е редовно калибрирана и следлива со определена мерна неодреденост, употребува документирани и верификувани постапки, води и чува податоци за извршените мерења и ги исполнува другите барања на стандардот за оспособеност на лаборатории за калибрација) како и на подрачјето на своето метролошко делување надвор од опфатот на овластувањето;
- работи во согласност со добрата деловна пракса (резултатите од извршените мерења и грешките имаат карактер на деловна тајна);
- го известува Бирото за сите настанати промени што влијаат на опфатот на овластувањето;
- води евиденција за сите издадени документи и извршени верификации по напатствијата од Бирото;
- го известува Бирото во согласност со неговите напатствија за сите жалби на своите комитенти во врска со работите за кои е овластено;
- ги следи метролошките потреби на Република Македонија и се прилагодува на техничкиот развој на подрачјето на верификацијата на мерилата;
- учествува во програмите за обука на Бирото, од областа за метрологијата во која работи и делува во согласност со издадените напатствија и
- учествува во соодветни работни тела на Бирото, од областа за која има или има намера да добие овластување.

## V. НАДЗОР НА ИСПОЛНЕТОСТ НА БАРАЊАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

Член 12

Надзорот над исполнетост на барањата за овластување пропишани со одредбите на овој правилник го вршат работници кои работат на задачите и работите од стручниот надзор во Бирото и кои поседуваат легитимација согласно пропишаните одредби на Правилникот за образецот и начинот на издавање и одземање на легитимацијата на работниците кои работат на задачите и работите на стручниот надзор во Бирото за метрологија („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/2007).

Овластеното правно лице на работници кои вршат надзор од став 1 од овој член треба да им овозможи пристап до сите податоци кои ја докажуваат исполнетоста на дополнителните услови и барања согласно на

овој правилник, како и пристап до сите простории и места каде се изведуваат работите што спаѓаат во опсегот на овластувањето.

Работниците кои вршат надзор од став 1 од овој член може да побараат од овластеното правно лице изведување на одредени процедури согласно опсегот на овластувањето.

Овластеното правно лице, менаџерот за квалитет и лицата кои ги извршуваат непосредно постапките за кои правното лице е овластено треба да бидат достапни при надзорот на исполнетоста на барањата за овластување.

## VI . ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите кои во поглед на стручната подготовка на работниците, опремата и просториите треба да ги исполнуваат претпријатијата и другите правни лица за доверување за вршење метролошка дејност (овластени метролошки лаборатории) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/96).

Член 14

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‘‘.

Бр. 25-6787
14 септември 2007 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска**, с.р.

---

**1686.**

Врз основа на член 50 став (2) и член 53 став 3 од Законот за минерални суровини („Службен весник на РМ“ бр.24/07), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот на издавање на овластување и лиценца за изведување на рударски работи.

Составен дел на овој правилник е и програмата за полагање на испитите за добивање на Овластување за изведување на рударски работи.

Член 2

Овластување за изведување на рударски работи се издава на лица кои се вработени кај правните или физичките лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија,вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија.

Лицата од став 1 на овој член добиваат овластување за изведување на рударски работи, по предходно полагање на стручен испит.

Член 3

Право за полагање на стручен испит за изведување на рударски работи имаат сите дипломирани рударски инжинери –ВИИ/1 степен, кои имаат три години работно искуство на изведување рударски работи за одредена област:

-подземна експлоатација; или

-површинска експлоатација.

Член 4

Стручниот испит за изведување на рударски работи се состои од:

1. Проверка на знаењето од областа на законските прописи од областа на минералните суровини, работните односи и заштита при работа , преку полагање на писмен текст.
2. Изработка на стручен труд од областа за изведување на рударски работи.
3. Усно образложение–одбрана на изработениот стручен труд.

Член 5

Стручниот испит од член 2 на овој правилник се полага пред Комисија за спроведување на постапка за полагање на стручен испит за изведување на рударски работи (во натамошен текст: Комисија) формирана од страна на Министерот за економија.

Комисијата е составена од председател, два члена и секретар.

Членовите на Комисијата од став 2 на овој член се назначуваат од редот на стручни и научни работници и кои поседуваат лиценца за изведување на рударски работи.

За својата работа при спроведувањето на стручниот испит за секој барател се води записник.

Член 6

Барање за добивање на овластување за изведување на рударски работи се поднесува до комисијата, при што барателот приложува:

- заверен препис од дипломата за завршен образование;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство;
- потврда за работно искуство на соодветни работни места и движење во струката со моментални работни задачи;
- предлог од најмалку два наслова на теми за изработка на Стручен труд - проект, од областа за која сака да добие Овластување.
- потврда за извршена уплата за добивање лиценца.

Член 7

По разгледување на поднесеното барање за добивање на лиценца од член 6 на овој равилник, Комисијата во рок од 15 дена утврдува дали барањето заедно со приложената документација ги исполнува условите определени во овој правилник и утврдува кој од поднесените предлози за изработка на стручен труд од областа на изведување на рударски работи ќе бидат предмет на одбрана и изработка на стручниот испит за што писмено го известува барателот.

Во писменото известување од став 1 на овој член Комисијата го определува точниот датум, време и место за полагање на стручниот и писмениот испит, како и образложен предлог за изработка на стручен труд.

Времетраењето помеѓу писменото известување доставено до барателот од страна на Комисијата неможе да биде пократко од шест, а подолго од дванаесет месеци.

Доколку Комисијата утврди дека поднесените предлози за изработка на стручен труд од областа на изведување на рударски работи неможат да се прифатат, Комисијата писмено ќе го извести барателот и ќе му наложи во рок од 15 дена повторно да достави нови два писмени и образложени предлози за изработка на стручен труд од областа на изведување на рударски работи. Во спротивно, Комисјата ќе го отфрли барањето за добивање на овластување и ќе смета како и да не било поднесено.

Доколку кандидатот е спречен на утврдениот датум, време и место да го полага стручниот испит, треба да достави доказ за неговата спреченост.

Член 8

Барателот треба до Комисијата да го достави изработениот стручен труд најкасно 60 дена пред определниот датум за полагање на стручниот испит.

По доставувањето на изработениот стручен труд од страна на барателот на овластување, Комисијата врши контрола во поглед на примената на законите и техничките нормативи што се применуваат при изведување на рударски работи. Доколку Комисијата утврди дека во поголем дел или во целост изработениот стручен труд отстапува од законите и техничките нормативи што се применуваат при изведување на рударски работи, за тоа писмено ќе го извести барателот во рок 15 дена сметано од денот на приемот на стручниот труд со укажување на отстапувањата при неговата изработка, при што ќе се определи дополнителен рок од 30 дена за корекција и исправање на утврдените отстапувања.

Доколку по истекот на определениот рок од 30 дена за корекција и исправање на утврдените отстапувања, барателот не го достави изработениот стручен труд согласно укауживањето, барањето за издавање на овластување ќе смета како отфрлено. Во спротивно постапката продолжува согласно одредбите од овој правилник.

Член 9

Тестот за полагање на стручниот испит содржи прашања од Програмата која е дадена во прилог бр.1 и е составен дел на овој правилник.

Прашањата за полагање на стручниот испит однсоно тестот ги изработува Комисијата најрано три дена пред спроведување на тестот.

Кандидатот треба да одговори точно на 70% од вкупно поставените прашања, кои неможат да бидат помалку од дваесет, а повеќе од триесет.

Тестот за полагање на стручниот испит трае 60 минути.

По истекот на времето за полагање на тестот Комисијата се повлекува и врши преглед на тестот и утврдува дали кандидатот одговорил на прашањата од тестот согласно став 3 од овој член, при што Претседателот на Комисијата му соопштува на кандидатот за резултатите од тестот “положил” или “не положил”.

За спроведување на дејствијата од став 3, 4 и 5 од овој член се води записник.

Член 10

Доколку барателот на овластувањето го положил тестот од член 9 од овој правилник, Комисијата продолжува со спроведувањето на стручниот испит преку усна одбрана на изработениот стручен труд за областа на изведувањето на рударскуте работи.

За времетраењето на усната одбрана членовите на Комијата може да поставуваат прашања и да бараат појаснувања.

Времетраењето на усната одбрана од став 1 на овој член не може да трае подолго од 60 минути.

По завршувањето на усната одбрана, Комисијата се повлекува и со гласање утврдува дали кандидадот го “одбранил” или “не одбранил “ изработениот стручен труд, и за тоа Претседателот на Комисијата го известува кандидатот.

За спроведување на дејствијата од став 2, 3 и 4 од овој член се води записник.

Член 11

По завршување на постапката за полагање на стручниот испит, имајќи ги во предвид резултатите од спрведениот тест, како и одбраната на изработениот стручен труд, комисијата констатира дека барателот го положил, односно не го положил стручниот испит.

На лицето кое го положило стручниот испит за добивање на овластување за изведување на рударски работи министерот за економија на барателот му издава овластување за изведување на рударски работи во рок од 30 дена од денот на полагањето на испитот.

Овластувањето за изведување на рударски работи се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во зелена боја.

Содржината на образецот на овластувањето за изведување на рударски работи од став 3 на овој член е дадена во прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

За изведување на рударски работи правните и физичките лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, министерот за економија издава Лиценца за изведување на рударски работи.

Член 13

Правните и физички лица од член 12 на овој правилник за стекнување на Лиценца треба да имаат вработено едно лице - дипломиран рударски инженер кое поседува овластување за изведување на рударски работи.

Член 14

Барањето за издавање на Лиценца за изведување на рударски работи се поднесува до Министерството за економија.

Кон барањето од став 2 на овој член се приложува:

- извод од Централен регистар на Република Македонија;
- заверен препис за лицата кои се вработени од лиценците за изведување на рударски работи на лицата од од член 13 став 2 алинеја 2 од овој правилник;

Доколку барателот не ја приложи потребната документација од став 2 на овој член, Министерство за економија во определен рок ќе го повика барателот да ја достави потребната документација. Во спротивно Министерството за економија ќе го отфрли барањето и ќе смета како и да не било поднесено.

Член 15

По разгледување на барањето за издавање на Лиценца за изведување на рударски работи од страна на Министерството за економија, доколку се констатира дека се исполнети условите за издавање на Лиценца, министерот за економија издава Лиценца за изведување на рударски работи, во рок не подолг од 15 дена сметано од денот на поднесување на барањето за издавање на Лиценца.

Член 16

Лиценца за изведување на рударски работи се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во зелена боја.

Содржината на образецот на лиценцата за изведување на рударски работи од став 1 на овој член е дадена во прилог бр.3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 3283/6
8 октомври 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

**Прилог бр.1.**

## П Р О Г Р А М А
## за полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изведување на рударски работи

Стручниот испит го полагаат стручни лица, кои имаат образование од VII1 степен и повисоко. Со полагањето на испитот кандидатите добиваат лиценца да ги вршат самостојно работите предвидени со Законот за минерални суровини и според правилникот чиј дел е и оваа програма.

Програмата на стручниот испит се состои од општ и посебен дел.

### I. ДЕЛ

Програмата за првиот дел од Стручниот испит се состои од

1. Проверка за стекнатото работно искуство;
2. Преглед на писмено изработениот стручен труд;
3. Усмена одбрана на стручниот труд; и
4. Усмена стручна дискусија за областа во која е изработен Стручниот труд.

### II. ПОЗНАВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Програмата на општиот дел на стручниот испит се однесува на вториот дел од Стручниот испит за познавање на законската регулатива поврзана со рударските активности и ги опфаќа следните поглавја:

**а) Законска регулатива**

1. Основни принципи на уставното уредување на Република Македонија;.
2. Закон за работни односи и тоа во однос на:
- утврдување на правата и обврските и одговорностите на работниците;
- засновање на работен однос;
- распоредување на работниците;
- работно време;
- заштита на работникот на работа;
- стручно образование и усовршување на работникот; и
- одговорност на работникот.
3. Доход и тоа во поглед на:
4. Односи во распределба на доходот и чистиот доход.
5. Средства за личен доход.
6. Законски прописи за инвестиции (Заедничка методологија), пристап и реализација на инвестиционите објекти, техничка документација, отстапување и изведување на работите, надзор, преглед и одобрение за употреба.
7. SI - систем за мерни единици.

**б) Проверка на знаењето за законите и подзаконските акти**

Овој дел од стручниот испит согласно програмата се состои од проверка на познавање на следните закони и подзаконски акти:

1. Закон за минерални суровини (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 24/07).
2. Закон за техничка инспекција („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 48/99).
3. Закон за заштита при работа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 18/98, 17/87).
4. Закон за заштита од експлозивни материи (“Сл. весник на СРМ” бр. 4/78, 10/78, 51/88, 36/91, 12/93).
5. Закон за промет на експлозивни материи (“Сл. весник на Република Македонија” бр.12/93, 31/93).
6. Закон за изградба на инвестициони објекти (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 15/90, 11/91, 11/94, 18/99).
7. Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на лежишта на минерални суровини (“Сл. лист на СФРЈ” бр.4/86, 62/87).
8. Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на архитектонско-градежен камен, технички камен и нивна преработка (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 11/86).
9. Правилник за технички нормативи при ракување со експлозивни средства и минирање во рударството (“Сл.лист на СФРЈ” бр.26/88).
10. Правилник за техничките нормативи при изградбата на јамски магацини за експлозивни средства во рудниците за подземна експлоатација на минерални суровини (“Сл. лист на СФРЈ” бр.12/88).
11. Правилник за технички нормативи за подземна експлоатација на метални и неметални минерални суровини. (“Сл. лист на СФРЈ” бр.24/91).
12. Закон за концесии („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 42/93, 40/99).
13. Закон за стандардизација („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 23/95).
14. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 4/96, 28/97, 18/99).
15. Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 51/2000).
16. Закон за води (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 4/98).
17. Закон за заштита од пожари (“Сл. весник на Република Македонија” бр.43/86, 37/87, 51/88, 36/90).
18. Закон за енергетика (“Сл. весник на Република Македонија” бр.47/97, 40/40/99, 98/2000).
19. Правилник за технички нормативи при превозот на луѓе и материјал по окната на рудниците (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 4/80, 12/85, 35/87 и 51/88).
20. Правилник за технички нормативи при превозот на луѓе во рудниците со подземна експлоатација на метални минерални суровини во хоризонтални и коси простории (“Сл. лист на СФРЈ” бр.34/89).
21. Правилник за технички нормативи за превоз со транспортни траки во рударството (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 5/73, 12/74, 4/86, 4/89).
22. Правилник за техничките нормативи за машини со дизел-мотори што се користат при подземни рударски работи во неметански јами (“Сл. лист на СФРЈ” бр.66/78).
23. Правилник за мерките и нормативите за заштита при работа на орудијата за работа (“Сл. лист на СФРЈ” бр.18/91).
24. Правилник за техничките нормативи за електрични построенија и уреди во рударството со површинска експлоатација на минерални суровини (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 66/87).
25. Правилник за техничките нормативи за електрични построенија и уреди во рударството со подземна експлоатација (“Сл. лист на СФРЈ” бр.21/88, 90/91).
26. Правилник за максимално дозволените концентрации и количества и за други материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување (“Сл. весник на РМ” бр. 3/90).
27. Други закони, правилници, наредби и прописи кои ќе бидат усвојувани во идниот период а ќе ја регулираат областа на рударството и геологијата.

* * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * *

• Литературата за полагање на испитот кандидатите ја обезбедуваат самостојно а листата со потребните Закони и правилници може да се добие од Секретарот на Комисијата при пријавување на стручнот испит.

Прилог бр 2.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 51, 53,59 И 60 ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ (" СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БР. -------------------------) МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА ИЗДАВА

**О В Л А С Т У В А Њ Е**

БРОЈ ______

**ЗА РАКОВОДЕЊЕ ПРИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ РАБОТИ**

НА

______________________________________

***ДИПЛОМИРАН РУДАРСКИ ИНЖЕНЕР***

ЕМБГ ____________________

*************

**СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА OVLASTUVAWE НОСИТЕЛОТ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА РАКОВОДЕЊЕ ПРИ ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ РАБОТИ**

***************

Бр. ____________ Министер за економија,
Датум: __________
Скопје

Прилог бр. 3.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 50 ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ (" СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БР. -----------) МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА ИЗДАВА

**Л И Ц Е Н Ц А**

БРОЈ ______

**ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ РАБОТИ**

НА

______________________________________

***Ime na pravnoto ili fizi~ko lice***

ADRESA ____________________

*************

**СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА LICENCA НОСИТЕЛОТ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА РУДАРСКИ РАБОТИ**

***************

Бр. ____________ Министер за економија,
Датум: __________
Скопје

**1687.**

Согласно член 19 став 3 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.24/07), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ИСТРАЖНИ РАБОТИ ЗА ДЕТАЛНИТЕ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водењето на книгата за извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања.

Член 2

Книгата за извршените истражни работи за деталните геолошки истражувања (во понатамошниот текст: Книгата) се води во форма на тврдо коричена книга со димензии 210 х 297 мм на евиденциски листови кои се поврзани и нумерирани.

Книгата е со сини корици и на првата страна има испишан текст со букви во црна боја: "Книга за детални геолошки истражувања".

Член 3

Евиденциските листови од Книгата содржат податоци за истражувачот и за истражувањата.

Евиденцискиот лист за истражувачот содржи:

1. Податоци за истражувачот
1.1 Број на дозвола за детални геолошки истражувања,
1.2. Минерална суровина која се истражува,
1.3. Локација на истражување,
1.4. Површина на истражниот простор,
1.5. Координати на гранични точки на истражниот простор,
1.6. Изведувач на истражните работи,
1.7. Времетраење на истражувањата.
2. Видови на истражни работи
2.1. Картирање на теренот
3.1.1. Вид на картирање,
3.1.2. Мерка на подлогите,
3.1.3. Површина на просторот за картирање.
3.2. Геофизички истражни работи
3.2.1. Видови на геофизички истражни работи,
3.2.2. Количини на изведени геофизички истражни работи.
3.3. Истражно дупчење
3.3.1. Вид на истражно дупчење,
3.3.2. Број на изведени истражни дупнатини,
3.3.3. Вкупна длабочина на изведено истражно дупчење.
3.4. Рударски истражни работи и опис на истите,
3.5. Теренски истражни испитувања, тестирања и анализи,
3.6. Други видови на истражни работи
3.7. Лабораториски испитувања и анализи (се наведуваат сите видови по вид и обем, доколку се извршени).
3. Останати податоци во врска со изведените истражни работи.

Евиденцискиот лист за истражувањата содржи:

1. Податоци за истражувањата,
1.1. Ознака на дупнатината,
1.2. Коти,
1.3. Координати,
1.4. Изведувач на дупчење, (истражување)
1.5. Вид на дупчење (ротационо, ударно, на суво, со исплака, реверсно, рачен ископ, машински ископ на раскопи и др.)
1.6. Длабина на изведба,
1.7. Намена,
1.8. Период на дупчење, (истражување)

1.9. Пречник на дупчење,
1.10. Други податоци, (ниво на подземна вода, тешкотии при дупчење, облагање, специјални мерења и др.)
1.11. Одговорно лице за изведба,
1.12. Име на лице кое ја картирало дупнатината.
2. Општи податоци за геолошката градба
2.1. Геолошка старост,
2.2. Основи на литологија,
2.3. Длабина на појава на минерална суровина,
2.4. Вид на минерална суровина,
2.5. Начин на појава,
2.6.Опробување (вид на проби, длабина, број и сл.),
2.7. Други податоци.

Евиденциските листови за истражувачот и истражувањата се дадени во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Книгата за детални геолошки истражувања се води во пишана форма.

На крајот на секој работен ден лицето задолжено за истражните работи е должно да ги внесе податоците од членот 3 на овој правилник.

Лицето задолжено за водењето на истражните работи ја води Книгата на начин кој овозможува лесен преглед на податоците внесени во истата.

Податоците од Книгата се чуваат трајно.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 3283/6
8 октомври 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ – 1

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **ПОДАТОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАЧОТ** | |
| 1.1. | Број на дозволата за детални геолошки истражувања | |
| 1.2 | Минерална суровина која се истражува | |
| 1.3 | Локација на истражување | |
| 1.4 | Површина на истражниот простор | |
| 1.5 | Координати на гранични точки на истражниот простор | |
| 1.6 | Изведувач на истражните работи | |
| 1.7 | Времетраење на истражувањата. | |
| **2.** | **ВИДОВИ НА ИСТРАЖНИ РАБОТИ** | |
| 2.1. | Картирање на теренот | |
| 2.1.1. | Вид на картирање | |
| 2.1.2. | Мерка на подлогите | |
| 2.1.3. | Површина на просторот за картирање | |
| 2.2. | Геофизички истражни работи | |
| 2.2.1. | Видови на геофизички истражни работи | |
| 2.2.2. | Количини на изведени геофизички истражни работи | |
| 2.3. | Истражно дупчење | |
| 2.3.1. | Вид на истражно дупчење | |
| 2.3.2. | Број на изведени истражни дупнатини | |
| 2.3.3. | Вкупна длабочина на изведено истражно дупчење | |
| 2.4. | Рударски истражни работи и опис на истите | |
| 2.5. | Теренски истражни испитувања, тестирања и анализи | |
| 2.6. | Други видови на истражни работи | |
| 2.7. | Лабораториски испитувања и анализи (се наведуваат сите видови по вид и обем, доколку се завршени) | |
| **3.** | **ОСТАНАТИ ПОДАТОЦИ ВО ВРСКА СО ИЗВЕДЕНИТЕ ИСТРАЖНИ РАБОТИ** | |

ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ - 2

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **ПОДАТОЦИ ЗА ИСТРАЖУВАЊАТА** | |
| 1.1. | Ознака на дупнатината | |
| 1.2 | Коти | |
| 1.3 | Координати | |
| 1.4 | Изведувач на дупчење (истражување) | |
| 1.5 | Вид на дупчење (ротационо, ударно, на суво, со исплака, реверсно, рачен ископ, машински ископ на раскопи и др.) | |
| 1.6 | Длабина на изведба | |
| 1.7 | Намена | |
| 1.8. | Период на дупчење, (истражување) | |
| 1.9. | Пречник на дупчење | |
| 1.10. | Други податоци, (ниво на подземна вода, тешкотии при дупчење, облагање, специјални мерања и др.) | |
| 1.11. | Одговорно лице за изведба | |
| 1.12. | Име на лицето кое ја картирало дупнатината | |
| **2.** | **ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ГЕОЛОШКАТА ГРАДБА** | |
| 2.1. | Геолошка старост | |
| 2.2. | Основи на литологија | |
| 2.3. | Длабина на појава на минерална суровина | |
| 2.4. | Вид на минерална суровина | |
| 2.5. | Начин на појава | |
| 2.6. | Опробување (вид на проби, длабина, број и сл.) | |
| 2.7. | Други податоци | |

**1688.**

Врз основа на член 59 став 3 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИН НА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот на добивање на лиценца и овластување за изработка на рударски проекти.

Член 2

Лиценца за изработка на рударски проекти се издава на лица кои се вработени кај правните или физичките лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија.

Лицата од став 1 на овој член добиваат лиценца за изработка на рударски проекти по претходно полагање на стручен испит.

Член 3

Право за полагање на стручен испит за изработка на рударски проекти имаат дипломираните рударски инженери - насока подземна и површинска експлоатација – VII/1, кои имаат три години работно искуство во областа на изработка на рударски проекти.

Член 4

Стручниот испит за изработка на рударските проекти се состои од:

1. проверка на знаењето од областа на законските прописи од областа на минералните суровини и работните односи и заштита при работа, преку полагање на писмен текст;

2. подготовка на изработен стручен труд - рударски проект;

3. усно образложение-одбрана на изработениот стручен труд - рударски проект.

Член 5

Стручниот испит од член 2 на овој правилник се полага пред Комисија за спроведување на постапка за полагање на стручен испит за изработка на рударски проекти (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата е составена од претседател, два члена и секретар.

Членовите на Комисијата од став 1 на овој член се назначуваат од редот на стручни и научни работници.

За својата работа при спроведувањето на стручниот испит за секој барател се води посебен записник.

Член 6

Барање за добивање на лиценца за изработка на рударски проекти се поднесува до Комисијата, при што барателот приложува:

- заверен препис од дипломата за завршено образование;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство;
- потврда за работно искуство на соодветни работни места;
- најмалку два писмени и образложени предлози за изработка на стручен труд;
- потврда за извршена уплата за добивање на Лиценца.

Член 7

По разгледување на поднесеното барање за добивање на лиценца од член 6 на овој правилник, Комисијата во рок од 15 дена утврдува дали барањето заедно со приложената документација ги исполнува условите определени во овој правилник и утврдува кој од поднесените предлози за изработка на стручен труд - рударски проект ќе бидат предмет на одбрана и изработка на стручниот испит за што писмено го известува барателот.

Во писменото известување од став 1 на овој член Комисијата го определува точниот датум, време и место за полагање на стручниот испит, како и писмениот и образложен предлог за изработка на стручниот труд - рударски проект.

Времетраењето помеѓу писменото известување доставено до барателот од страна на Комисијата неможе да биде пократко од шест, а подолго од дванаесет месеци.

Доколку Комисијата утврди дека поднесените предлози за изработка на стручен труд- рударски проект не можат да се прифатат, Комисијата писмено ќе го извести барателот и ќе му наложи во рок од 15 дена повторно да достави нови два писмени и образложени предлози за изработка на стручен труд- рударски проект. Во спротивно, Комисјата ќе го отфрли барањето за добивање на лиценца и ќе смета како и да не било поднесено.

Доколку кандидатот е спречен на утврдениот датум, време и место да го полага стручниот испит, треба да достави доказ за неговата спреченост.

Член 8

Барателот треба до Комисијата да го достави изработениот стручен труд- рударски проект најкасно 60 дена пред определниот датум за полагање на стручниот испит.

По доставувањето на изработениот стручен труд-рударски проект од страна на барателот на Лиценцата, Комисијата врши контрола во поглед на примената на законите и техничките нормативи што се применуваат при изработка на рударски проекти. Доколку Комисијата утврди дека во поголем дел или во целост изработениот стручен труд - рударски проект отстапува од законите и техничките нормативи што се применуваат при изработка на рударски проекти, за тоа писмено ќе го извести барателот во рок 15 дена сметано од денот на приемот на стручниот труд со укажување на отстапувањата при неговата изработка, при што ќе се определи дополнителен рок од 30 дена за корекција и исправање на утврдените отстапувања.

Доколку по истекот на определениот рок од 30 дена за корекција и исправање на утврдените отстапувања, барателот го достави изработениот стручен труд- рударски проект согласно укажувањето, барањето за издавање на лиценца ќе смета како отфрлено. Во спротивно постапката продолжува согласно одредбите од овој правилник.

Член 9

Тестот за полагање на стручниот испит содржи прашања од Програмата за полагање на стручниот испит за изработка на рударски проекти која е дадена во Прилог бр. 1 која е составен дел на овој правилник.

Прашањата за полагање на стручниот испит односно тестот ги изработува Комисијата најрано три дена пред спроведување на тестот.

Кандидатот треба да одговори точно на 70% од вкупно поставените прашања, кои неможат да бидат помалку од дваесет, а повеќе од триесет.

Тестот за полагање на стручниот испит трае 60 минути.

По истекот на времето за полагање на тестот Комисијата се повлекува и врши преглед на тестот и утврдува дали кандидатот одговорил на прашањата од тестот согласно став 3 од овој член, при што Претседателот на Комисијата му соопштува на кандидатот за резултатите од тестот “положил” или “не положил”.

За спроведување на дејствијата од ставовите 3, 4 и 5 од овој член се води посебен записник.

Член 10

Доколку барателот на Лиценцата го положил тестот од член 9 од овој правилник, Комисијата продолжува со спроведувањето на стручниот испит преку усна одбрана на изработениот стручен труд-рударски проект.

За времетраењето на усната одбрана членовите на Комисијата може да поставуваат прашања и да бараат појаснувања.

Времетраењето на усната одбрана од став 1 на овој член не може да трае подолго од шеесет минути.

По завршувањето на усната одбрана, Комисијата се повлекува и со гласање утврдува дали кандидадот го “одбранил” или “не одбранил” изработениот стручен труд - рударски проект, и за тоа Претседателот на Комисијата го известува кандидатот.

За спроведување на дејствијата од ставовите 2, 3 и 4 од овој член се води посебен и издвоен записник.

Член 11

По завршување на постапката за полагање на стручниот испит, имајќи ги во предвид резултатите од спроведениот тест, како и одбраната на изработениот стручен труд-рударски проект, комисијата констатира дека барателот го положил, односно не го положил стручниот испит.

Лицето кое го положило стручниот испит за добивање лиценца за изработка на рударски проекти се стекнува со Лиценца за изработка на рударски проекти во рок од 30 дена од денот на полагањето на стручниот испит.

Лиценцата за изработка на рударски проекти од став 2 на овој член се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во светло зелена боја.

Содржината на образецот на Лиценцата од став 3 на овој член е дадена во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

За изработка на рударски проекти правните и физичките лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија треба да поседуваат Овластување.

Член 13

Правните и физички лица од член 12 на овој правилник за стекнување на Овластување треба да имаат вработено едно лице - дипломиран рударски инженер-насока-подземна или површинска експлоатација кое поседува лиценца за изработка на рударски проекти.

Член 14

Барањето за издавање на Овластување за изработка на рударски проекти се поднесува до Министерството за економија.

Кон барањето од став 1 на овој член се приложува:

- извод од Централен регистар на Република Македонија;

- заверен препис за лицата кои се вработени од лиценците за изработка на рударски проекти од член 13 од овој правилник.

Доколку барателот не ја приложи потребната документација од став 2 на овој член, Министерство за економија во определен рок ќе го повика барателот да ја достави потребната документација. Во спротивно Министерството за економија ќе отфрли барањето и ќе смета како и да не било поднесено.

Член 15

По разгледување на барањето за издавање на Овластување за изработка на рударски проекти од страна на Министерството за економија, доколку се констатира дека се исполнети условите за издавање на Овластување, на подносителот на барањето му се издава Овластување за изработка на рударски проекти, во рок не подолг од 15 дена сметано од денот на поднесување на барањето за издавање на Овластување.

Член 16

Овластувањето за изработка на рударски проекти од член 15 од овој правилник се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во светло зелена боја.

Содржината на образецот на Овластувањето од став 1 на овој член е дадена во Прилог бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 3283/6
8 октомври 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

Прилог бр. 1

**П Р О Г Р А М А**
**за полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изработка на рударски проекти**

Стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на рударски проекти полагаат стручни лица од областа на рударската на сока, кои имаат VII1 степен на образование и повисоко.

Програмата за полагање на стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на рударски проекти се состои од два дела и тоа:

I - СТРУЧЕН ДЕЛ

Првиот дел од Програмата за полагање на стручниот испит се состои од

1. проверка за стекнатото работно искуство
2. преглед на писмено изработениот стручен труд (Рударски проект)
3. Усмена одбрана на стручниот труд
4. Усмена стручна дискусија за областа во која е изработен стручниот труд.

II - ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Вториот дел од Програмата за полагање на стручниот испит се однесува на проверката на знаењето од познавањето на законската регулатива поврзана со рударството, а ѓи опфаќа следните поглавја:

**а.) Законска регулатива**

1. Основни принципи на уставното уредување на Република Македонија.
2. Закон за работни односи и тоа во однос на:
   • утврдување на правата и обврските и одговорностите на работниците.
   • засновање на работен однос.
   • распоредување на работниците.
   • работно време.
   • заштита на работникот на работа.
   • стручно образование и усовршување на работникот.
   • одговорност на работникот.
3. Доход и тоа во поглед на:
   • односи во распределба на доходот и чистиот доход.
   • средства за личен доход.
4. Законски прописи за инвестиции (заедничка методологија), пристап и реализација на инвестиционите објекти, техничка документација, отстапување и изведување на работите, надзор, преглед и одобрение за употреба.
6. SI - систем за мерни единици.

**б.) Проверка на знаењето за законите и подзаконските акти**

Овој дел од стручниот испит согласно програмата се состои од проверка на познавање на следните закони и подзаконски акти:

1. Закон за минерални суровини (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 24/07).
2. Закон за техничка инспекција („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 48/99).
3. Закон за заштита при работа („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 18/98, 17/87).
4. Закон за заштита од експлозивни материи (“Сл. весник на СРМ” бр. 4/78, 10/78, 51/88, 36/91, 12/93).
5. Закон за промет на експлозивни материи (“Сл. весник на Република Македонија” бр.12/93, 31/93).
6. Закон за изградба на инвестициони објекти (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 15/90, 11/91, 11/94, 18/99).
7. Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на лежишта на минерални суровини (“Сл. лист на СФРЈ” бр.4/86, 62/87).
8. Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на архитектонско-градежен камен, технички камен и нивна преработка (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 11/86).

9. Правилник за технички нормативи при ракување со експлозивни средства и минирање во рударството (“Сл.лист на СФРЈ” бр.26/88).

10. Правилник за техничките нормативи при изградбата на јамски магацини за експлозивни средства во рудниците за подземна експлоатација на минерални суровини (“Сл. лист на СФРЈ” бр.12/88).

11. Правилник за технички нормативи за подземна експлоатација на метални и неметални минерални суровини. (“Сл. лист на СФРЈ” бр.24/91).

12. Закон за концесии („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 42/93, 40/99).

13. Закон за стандардизација („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 23/95).

14. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 4/96, 28/97, 18/99).

15. Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата (“Сл. весник на Република Македонија” бр.51/2000).

16. Закон за води (“Сл. весник на Република Македонија” бр.4/98).

17. Закон за заштита од пожари (“Сл. весник на Република Македонија” бр. 43/86, 37/87, 51/88, 36/90).

18. Закон за енергетика (“Сл. весник на Република Македонија” бр.47/97, 40/40/99, 98/2000).

19. Правилник за технички нормативи при превозот на луѓе и материјал по окната на рудниците (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 4/80, 12/85, 35/87 и 51/88).

20. Правилник за технички нормативи при превозот на луѓе во рудниците со подземна експлоатација на метални минерални суровини во хоризонтални и коси простории (“Сл. лист на СФРЈ” бр.34/89).

21. Правилник за технички нормативи за превоз со транспортни траки во рударството (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 5/73, 12/74, 4/86, 4/89).

22. Правилник за техничките нормативи за машини со дизел-мотори што се користат при подземни рударски работи во неметански јами (“Сл. лист на СФРЈ” бр.66/78).

23. Правилник за мерките и нормативите за заштита при работа на орудијата за работа (“Сл. лист на СФРЈ” бр.18/91).

24. Правилник за техничките нормативи за електрични построенија и уреди во рударството со површинска експлоатација на минерални суровини (“Сл. лист на СФРЈ” бр. 66/87).

25. Правилник за техничките нормативи за електрични построенија и уреди во рударството со подземна експлоатација (“Сл. лист на СФРЈ” бр.21/88, 90/91).

26. Правилник за максимално дозволените концентрации и количества и за други материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување (“Сл. весник на РМ” бр. 3/90).

27. Други закони, правилници, наредби и прописи кои ќе бидат усвојувани во идниот период а ќе ја регулираат областа на рударството и геологијата.

* * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * *

• Литературата за полагање на испитот кандидатите ја обезбедуваат самостојно а листата со потребните Закони и правилници може да се добие од Секретарот на Комисијата при пријавување на стручнот испит.


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 59 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БР. 24/2007), МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА ИЗДАВА

ЛИЦЕНЦА

БРОЈ________

НА

________________________________
дипломиран рударски инженер

ЕМБ ____________

НОСИТЕЛОТ НА ЛИЦЕНЦАТА СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

Бр. __________
______ 200___ год.
Скопје

МИНИСТЕР,
____________________


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 59 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" БР. 24/2007), МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА ИЗДАВА

ОВЛАСТУВАЊЕ

БРОЈ________

НА

________________________________
иматели на овластувањето

НОСИТЕЛОТ НА ОВЛАСТУВАЊЕТО СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТКА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

Бр. __________
______ 200___ год.
Скопје

МИНИСТЕР,
____________________

**1689.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/07), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ВИДОТ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА РУДАРСКИ ПЛАНОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува видот, содржината и начинот на изготвување и чување на рударски планови.

Член 2

Правните и физичките лица кои вршат основни, детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, рударските планови, нивната изработка и чување ги вршат согласно одредбите од овој правилник.

Член 3

Правните и физичките лица кои вршат основни, детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини, рударските планови, нивната изработка и чување ги вршат во согласност со современите начела на рударската, геолошката и геодетската наука и техника, како и со точност која што одговара на целта за која што и служат.

Член 4

Правните и физичките лица кои вршат основни, детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ги изработуваат и чуваат следните видови на рударски планови:

- ситуационен план за подземна експлоатација;
- ситуационен план за површинска експлоатација;
- план за изведени рударски работи во јамата;
- откопен план во јамата;
- план за проветрување во јамата;
- хидролошки план на рудник; и
- план за тектоника на рудникот.

Член 5

Картирање и внесување на пооделни објекти во оргиналните планови треба да се врши врз основа на претходно пресметани и внесени координати во мерачките книги.

Ако за мерење на површинскиот терен се користи терестичка фотограметрија, аерофотограметрија или пак електронски дистомати, објектите можат да се внесуват и директно на оргиналните планови по графички пат.

Јамски работи за кои не постојат веродостојни податоци од претходно извршени мерења, се пренесуваат на оргиналните планови со испрекинати линии и не се бојат во полна ширина. Веродостојноста на овие податоци секогаш треба дополнително да се провери по создавање на сооветни услови.

Оригиналните рударски планови се чуваат во службена просторија, во орман заштитен од пожар.

За изработка на рударските планови се користи соодветен тип на хартија, која соодветствува на соодветната пропишана мерка и значење на планот.

Член 6

Мерката што се употребува при изработката на поединечните планови односно нацрти, зависи од точноста на внесување, прегледноста на внесените податоци, големината на соодветниот објект или терен и нивото кое се бара за тој документ.

Изработката на рударските планови односно нацрти се врши во соодветно за тоа утврдена мерка, односно во мерка: 1 : 500; 1:1.000; 1:2.500; 1:5.000; 1:10.000; 1:25.000 или 1:50.000.

При изработка на профили и скици за локација на уреди и постројки, места на несреќни случаи и сл., мора да се употребува една од следните мерки: 1: 250; 1:200; 1:100; 1:50; 1:25 или 1:10.

Член 7

План или нацрт (ситуациона карта) на експлоатационото поле се изработува на топографска основа во мерка кој обезбедува доволна точност за одредување на границите на полето и добивање податоци за анализа на самото место. Истиот план мора да биде изработен и во дигитална форма со специфични координати, пресечни точки, изохипси и останати податоци утврдени со Законот за минерални суровини.

Член 8

Геолошка карта на експлоатационото поле и неговата околина се изработува на топографска основа или план во мерка кој обезбедува доволна точност и јасност на геолошките граници и податоци кои се внесуваат на картата. Геолошката карта на експлоатационото поле содржи:

- топографски податоци со изохипси и поважни коти, кои се битни за правилно насочување на изведување на рударските работи и сл;
- сите важни петрографски, стратиграфски, тектонски и хидролошки податоци, како и изданоци на минералните суровини и нивни контури соодвтено на степенот на нивна истраженост (по категогории на резерви);
- сите извршени истражни работи и геолошки испитувања;
- јамски отвори (влезови) и главни јамски сообраќајници на пооделни нивоа;
- дупчотини со соодветни ознаки (длабоки и плитки).

Заради практично користење на податоците од геолошката карта на експлоатационото поле и неговата околина во прилог на истата мора да се достави доволна количина на надолжни и напречни профили изработени низ самото експлоатационото поле.

Проектираните истражни работи (плитки окна, истражни ровови, дупчотини и др.) не се внесуваат во геолошката карта, туку во посебен план, кој го сочинува прилогот на соодветната геолошка карта.

Член 9

Ситуациониот план на рудникот се изработува на топографска основа во мерка: 1:250; 1:500; 1:1000 или 1: 5000.

По исклучок, а по барање на државниот рударски инспектор мора да изработи прегледен ситуационен план во мерка не поголем од 1 : 25 000 во случај кога се работи за рудник со поголема распространетост или рудник со повеќе јамски простории.

Ситуациониот план се изработува и во дигитална форма и се репродуцира на квалитетна бела хартија (со густина >100г/м2 ).

Член 10

Ситуационен план на рудник каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини мора да ги содржи:

1) сите главни податоци од топографскиот план во соодветна мерка, главните полигонски и нивелмански мрежи, како и сите постојни точки на мерење на површината со нивните коти, а по можност и изохипси со еквидистанца до најмногу десет метри со впишан азимут.

2) сите јамски отвори и јамски сообраќајници на сите нивоа, како што се поткопи, ходници, окна, затворени јамски простори, стари работи и др.

3) граничната линија на продуктивниот пласт, истражни работи, дупчотини изработени од површина;

4) граници на експлоатационото поле, истражни простори и соседни рудници, како и граници на општини и реони;

5) управни и погонски згради и магацини за гориво, експлозиви и останати материјали;

6) населби, поважни поединечни куќи, индустриски објекти, јаловишта и сл.;

7) сообраќајници на површината (железнички пруги, главни патишта, локални патишта, патеки, жичари и др.);

8) далноводи, кабли, електрични централи и трафостаници;

9) извори на вода, проточни води, водоводи, пумпни станици и канализации;

10) површински копови, пештери и останати рељефни карактеристики кои имаат отвори на површина.

Ситуациониот план на рудникот мора да се дополнува при значителна промена на состојбата на површината или во јамата.

Член 11

Ситуационен план на рудник каде што се врши површинска експлоатација на минерални суровини, покрај податците утврдени во член 31 од овој Правилник, мора да содржи и:

1) граници на наоѓалиштето на минералната суровина и граници на откопување на етажите во корисна суровина и јаловина;

2) транспортни патишта на копот, железнички пруги, усеци, канали, бункери и сл.;

3) јаловишта;

4) евентуално извршени истражни работи, истражни дупчотини и подземни рударски работи.

Член 12

Планот (рударски) на јама се изработува во соодветна мерка и тоа: 1:500; 1:1000 и 1:2500.

Планот на јама мора да содржи податоци за:

1) сите јамски простори како што се: окна, поткопи, ходници, прекопи, нископи или ускопи, слепи окна, магацини за експлозивни матаријали, пумпни станици и трафостаници, комори за компресори, вентилатори, транспортни уреди, јамски работилници, како и сите сигурносни столбови заради обзбедување на јамските или површинските објекти, затворени јамски простори и стари работи;

2) енергетска мрежа на јамата (водови на електрична енергија и компримиран воздух), водоводна мрежа и јамски постројки;

3) сите активни работилишта на отворање, припремање и откопување и сообрќајници (свозници, жичари, сипки и сл.);

4) откопани површини означени по години на откопување и начин на заполнување (рачно, механичко, пневматско, со помош на вода и сл.);

5) градби и уреди од траен карактер кои служат за одвод на вода и/или плин, заштита од пожар или експлозии,

6) ознаки за карактеристиките на наоѓалиштето (протегање, пад, профил), сите неправилности и зарушувања, сите јамски и површински дупчотини;

7) места на појава на метан и поголеми појави на вода;

8) трајно стабилизирани точки од надворешно мерење, како и останати точки чии координати и висини се заведени во главната мерачка книга;

9) јасно обележени места во јамата и на површината според кои би можело да се предизвика опасност од продор на вода, плин, пожар, зарушувања и сл., како и сите надворешни објекти кои би можеле да бидат загрозени со јамските работи, а кои треба да бидат зачувани. Во планот на јамата мора да бидат означени и границите до кои може да се врши откопување, заради сигурност при работата или заштита на поодделни објекти;

10) граници на соседни рудници и нивни гранични јамски работи;

11) друго.

Член 13

Доколку јамските работи се изведуваат во повеќе хоризонти или слоеви и доколку прегледноста дозволува треба да се врши изработка и на посебни планови по хоризонти или слоеви.

Во посебниот план од став 1 на овој член се внесуваат сите јамски работи изведени во одредениот дел на јамата, како и во сите јамски простори означени во општиот план на јамата (за проветрување, отпремување, премини и сл.), а кои се во функција на изведување на работи на соодветниот хоризонт, етажа или пласт.

Член 14

Планот на јамата да се дополнува најмалку еднаш месечно. Планот се дополнува и во случај кога кога се отвора ново работилиште, при пробивање на некои поранешни или стари работи, како и по завршување или напуштање на некој рудник.

Посебно внимание при дополнувањето на планот треба да ве посвети при приближување до некои затворени откопи, стари работи, гранични и сигурносни столбови, раседни и други деформитети во работната средина, опасни зони или пак, во случај кога рударските работи се изведуваат во близина на друго јамско работилиште или друга површинска рударска работа.

Член 15

Откопен план на јама е задолжителен план за рудници кај кои експлоатацијата на минералните суровини се врши со откопување во повеќе етажи или хоризонти кои се наоѓаат едни над други.

Откопниот план на јама се изработува и е задолжителен план за поголеми рудници во случај кога негова изработка ќе биде наложена со посебно Решение издадено од страна на државниот рударски инспектор.

Откопниот план на јамата содржи:

1) сите податоци од општиот план на јамата кои се однесуваат на соодветна етажа, хоризонт или пласт, сите детали од извршените рударски работи, како и површинските и јамски дупчотини со нивни почетни и завршни коти;

2) сите јамски сообраќајници на соодветната етажа, хоризонт или пласт и надвор од нив, а кои се во непосредна врска со работите на истата етажа, хоризонрт или пласт и служат за извоз на минерална суровина, проветрување, одводнување или за било која друга цел;

3) ознаки со карактеристики на наоѓалиштето (протегање, пад и профил), измерени и снимени битните карактеристики на секои 100 метри должина, а во одредени случаи и почесто и пофреквентно;

4) сите активни работилишта на отворање, припремање и откопување во тоа подрачје на јамата, со нивно име и ознаки;

5) начин (тип) на заполнување на откопаниот простор и година на заполнување доколку заполнувањето е вршено дополнително, како и некои стари работи за кои не постојат сигурни податоци во книгата за рударски мерења;

6) граници на откопно поле и граници до кои не смее да се оди со откопувањето, површини под оган и вода, постојни проектирани сигурносни столбови заради обезбедување на јамските или површинските објекти;

7) раседи и раседни линии, останати деформитети и опасни подрачја со нивни граници, ознаки и опис на места со појава на метан, продор на вода, горски удари, со нивна евентуална количина (интензитет) и датум на појава;

8) граници и количини на истражени количини на корисна минерална суровина изразена во тони, а дефинирани по категории на истраженост при што планот треба да се ажурира и дополнува на секои три месеци;

9) планирање на јамски работи и количини на корисна минерална суровина кои ќе се отворат или подготват, како и површини со количини кои ќе се откопуваат;

10) насоки за проветрување со ознаки за свежа, освежена и излезна ветрена струја;

11) друго.

Откопниот план на јамата мора да се дополнува на крајот на секој месец, а по потреба и почесто согласно став 1 и 2 на член 35.

Член 16

Во рудници каде што се врши подземна експлоатација и рудници каде што се врши површинска експлоатација на минерални суровини каде што има или треба да има разгранета енергетска мрежа и комплексна електро механизација се изработува план на енергетската мрежа.

Потребата за изработка на план на енергетска мрежа во рудници каде што се врши површинска експлоатација на минерални суровини со посебно решение го утврдува државниот рударски инспектор согласно закон.

Планот на енергетскатата мрежа се изработува во соодветна мерка, но не поголем од 1: 5000 во дигитална форма и соодветна хартија.

Во планот на енергетска мрежа на рудникот треба да бидат нанесени и содржани:

1) сите отвори на јама и отворени јамски простори со сите сообраќајници во рудници каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини;

2) сите етажи, јаловина, сообраќајници за транспорт на материјал, машини и луѓе, како и рударските работи, објекти и уреди кои служат за рекултивирање на откопаните простори и површини;

3) трансформатори и трафостаници, разводни уреди за електрична енергија, водови (кабли) за висок и низок напон, локалитети на поеделни електрични постројки, телефонски линии и сл;

4) компресорските станици, резервоари за компримиран воздух, цевоводи, разводни вентили и др. , како и местата на самите потрошувачи (багери, дупчалки, дробилки и др.)

5) сите карактеристики на техничките елементи и капацитети (сила) на поеделни уреди и инсталации од точка 2 и 3 на овој став.

Дополнувањето (ажурирањето) на планот на енергетската мрежа се врши секогаш кога настанува некоја значајна промена во однос на уредите и инсталациите од став 4 на овој член.

Член 17

Рударскиот план за проветрување на јамата се изработува во мерка не поголема од 1: 2500 и содржи податоци за:

1) сите отвори на јамата и отворените јамски простори, затворени јамски простори, стари јамски работи, ѕидови и останати градби со кои се затворени јамските простори или старите јамски работи;

2) местата кои се наоѓаат под оган или во состојба на загревање;

3) раседите и деформираните зони, преломи, полнатини и се што би можело да биде опасно при појава на пожар, плин или загуба на воздушна струја;

4) сите активни работилишта во јама и сообраќајници наменети за извоз или премини за луѓе, простори во кои постојано се задржуват луѓе (машински комори, пумпни станици и сл);

5) магацините за експлозивните материјали и запаливи средства, помошните работни простории, гардероби, санитарни јазли и сл;

6) цевките, вратите, преградите, завесите, ѕидовите и останатите елементи кои служат за ветрење, регулирање или разведување на ветрената воздушна струја како и објекти уреди и апарати за одбрана од појава на пожар, експлозија, продор на плин или вода и сл;

7) станиците за мерење на количините на воздух и нивни пресеци (м2), температура на свежиот воздух, брзината на ветрената воздушна струја низ станицата (м/с), количина на воздух (м3/мин) и сл;

8) бројот на луѓе и машини со мотори на дизел погон, посебно за секое работно место и за поединечна станица за мерење на воздух како и вкупно за секое ветрено одделение;

9) патиштата (просториите) преку кои е дозволено движење на луѓе и патишта за итно напуштање на јамата;

10) местата на сместување, видови и капацитет на вентилатори кои служат за проветрување на јамата, а се наоѓаат во јамата или на површина;

11) електричните уреди и инсталации, разводни плочи, водови (кабли) и др;

12) местата на појава на метан, измерена количина во м3/с и датум на мерењето;

13) друго.

Рударскиот план за проветрување на јамата се дополнува најмалку еднаш месечно, а во случај на значителни промени и почесто.

Член 18

Рударскиот план на површинскиот коп се изработува во размер не поголем од 1: 2500 и содржи податоци за:

1) конфигурацијата на теренот со изохипси и главни коти;

2) хидрографијата на теренот, со сите сливни површини и протоци на вода и системи за површинско и подземно одводнување;

3) извршените истражни работи и дупчотини, раседи и други деформитети во карпите;

4) етажите во минералната суровина и јаловина, границите на наоѓалиштето за протегање на минералната суровина, граници на откопување со вцртани граници на завршните косини и на одлагалиштата;

5) транспортно - извозните патишта, пруги, сипки, бункери, депонии и др;

6) подземните јамски простори, сообраќајници и стари работи;

7) управните и погонските згради, трафостаници и електроводови, водови на компримиран воздух, водоводи и компресорски станици;

8) откопаните површини кои се рекултивирани или подготвени за рекултивација.

Кон планот на површинскиот коп задолжително се изработуваат подолжни и надолжни профили за сите етажи на просторите на протегање на минералната суровина (руда) и јаловината опфатена со површинската експлоатација, како и на просторите опфатени со јаловишта и други деградирани површини и објекти.

Рударскиот план на површинскиот коп и профилите се дополнуваат најмалку еднаш на крајот од секој месец.

Член 19

Хидролошкиот план на рудник каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини се изработува на топографска основа во мерка не поголем од 1: 5000. Во одредени случаи потребата за изработка на хидролошки план го утврдува одговорното лице на рудникот во согласност со државниот рударски инспектор.

Хидролошкиот план на рудникот каде се врши подземна експлоатација на минерални суровини особено содржи:

1) главни податоци за топографскиот план, ако го има, постојани точки од тригонометриската мрежа на рудникот и државната триангулација главни полигонски и нивелмански мрежи со нивните коти и со изохипси до 10 метри еквидистанца;

2) извори, потоци, реки, мочуришта, бари, граници на езера, насипи, брани, мостови и останати поважни водени објекти, како и граници на максимален водостој;

3) граници на пооделни сливни подрачја или површини, со ознака на површината во км2 и максимален проток на вода во м3/с ;

4) канали, водособирници, пумпни станици и инсталации со нивни капацитети;

5) поважни раседи и раседни зони, пукнатини, пештери, понори, како и се друго што би можело да има влијание за режимот на јамските и површинските води и загрозување на сигурноста при работата;

6) сите јамски отвори, отворени јамски простори, а посебно оние кои служат за директно (гравитациско) одводнување или низ кои тече слободно јамска вода, како и подлабоки истражни работи и дупчотини;

7) сите затворени јамски простори и стари работи ако низ нив поминува јамска вода или би можела во истите да се насобира и потенцијално ги загрозува околните простории и објекти во јамите;

8) ѕидови, водени врати, баражи и останати градби изработени со цел за одбрана од продори на вода, како и места на кои се поставени манометри за мерење на притисок на водата и места со филтри за цедење или испитување;

9) сите постојани и периодични појави на вода во јамата, со ознаки за локалитетот, притисокот, протокот и нивниот состав (мил, кал, песок и сл.) места на кои водата се губи или делимично се губи, како и датум на појава на поголеми количини на водени протоци или обилни подземни водени продори.

Дополнувањето на хидролошкиот план на рудникот се врши најмалку еднаш на крајот од секој месец, а во зависност од настанатите евентуални непредвидени промени и почесто.

Член 20

Планот за тектоника на рудникот се изработува во мерка не поголем од 1 : 2.500 и особено содржи податоци за:

1) отворените јамски простори, со постојаните и утврдените главни точки на мерење;

2) петрографијата, стратиграфијата и хидрологијата на рудникот;

3) извршените истражни работи и дупчотини во јамите и на површина;

4) детално разработената тектоника (раседи и раседни зони, синклинали и антиклинали и други типови на набори итн);

5) контурите на наоѓалиштето.

Дополнувањето на планот се врши по вршењето на дополнителните истражни работи или отворањето на нови откопи.

Член 21

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 3283/6
8 октомври 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

---

**1690.**

Врз основа на член 49 став 4 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.24/07), министерот за економија донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНА НА РУДАРСКИ ПРОЕКТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на рударските проекти.

Член 2

Рударските проекти согласно член 49 од Законот за минерални суровини се:

1. главен рударски проект,
2. дополнителен рударски проект,
3. упростен рударски проект,
4. проект за изведување на рударски истражни работи.

Член 3

Главниот рударски проект е составен од два дела, и тоа:

1. Прв дел од проектот кој содржи одредби во врска со основната концепција за експлоатација, одржување и изградба на нови површински и подземни рударски објекти и содржи:
 - општ дел;
 - технички опис на технолошкиот процес, на објектот, опремата и снабдувањето со погонска енергија;
 - технички решенија за одделни рударски објекти.
2. Втор дел од проектот кој содржи одредби во врска со техничките проекти за поодделни објекти и делови од технолошкиот процес.

Член 4

Општиот дел на главниот рударски проект треба да содржи поодделни поглавја во однос на големината и природата на наоѓалиштето, геолошките и техничките услови, проектираните капацитети, степенот на загрозеност од природни потенцијални опасности и опасности врзани за технолошкиот процес.

Во општиот дел во соодветен обем треба да бидат разработени следните податоци и елементи:

1. Приказ на документацијата која служи како основа за проектирање со податоци за:
 - видот, квалитетот и количината на минералните суровини;
 - локалитетот на кој се наоѓа наоѓалиштето на минералните суровини;
 - начинот на кој е истражувано наоѓалиштето;
 - ограничување на наоѓалиштето;
 - монтан-геолошки, тектонски и хидролошки услови во наоѓалиштето;
 - геомеханички карактеристики на минералните суровини и придружните карпи;
 - гасоносност на наоѓалиштето;
 - експлозивни својства на јагленовиот прав;
 - агресивни својства на минералниот прав;
 - склоности на минералните суровини кон самозапалување и радиоактивни својства;

- други специфични карактеристики на наоѓалиштето, кои би можеле да влијаат на технолошкиот процес, врз општата безбедност при работата и економичноста при експлоатацијата.

2. Податоците во врска со технолошкиот процес на збогатување односно оплеменување (карактеристики на минералните суровини, физичките и хемиски својства, гранулометрискиот состав “плива-тоне” анализи, лабораториски и полуиндустриски испитувања и сл.);

3. Ситуационата карта на експлоатационото подрачје, во размер не поголем од 1:2 500 соодветно на големината на подрачјето со изохипси на соодветна еквидистанца и зацртани постојни градежни објекти, комуникации, култура на земјиштето и други специфични податоци за експлотационото поле и со зацртани граници на наоѓалиштето на минерални суровини, како и границата на експлоатационите полиња и на доделената концесија;

4. Ограничување на експлоатационото подрачје (поле) и утврдување на експлоатационите количини на минерални суровини на ограниченото подрачје, начин на експлоатација (со подземна работа или со површинско откопување), утврдување на капацитет на производство, објаснување и задача на изградба на рудникот;

5. Одредување на заштитни и сигурносни столбови и влијание на експлоатацијата врз површината;

6. Програмирање на евентуални дополнителни испитувања и истражувачки работи;

7. Ревидиран елаборат (доказ) за извршени детални геолошки истражувања на рудни резерви на минералните суровини.

Член 5

Техничкиот опис на технолошкиот процес, објектите и работите, како и снабдувањето со погонска енергија за рудниците со подземна експлоатација, содржи:

- начин на отворање и разработување на лежиштето;

- делови на технолошкиот процес и избор на опрема;

- видови и начин на снабдување со погонска енергија (чл. 12 и 13).

Техничкиот опис од став 1 од овој член ја содржи и соодветната графичко - техничка документација.

Член 6

Техничкиот опис на отворање и разработка на наоѓалиштето каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини содржи:

1. поделба на наоѓалиштето на хоризонти, ревири и откопни полиња, начин на отворање и разработка на експлоатационото подрачје;

2. одредување локации на објектите, отворање и разработка на наоѓалиштето, со почетни линии (точки) на откопните фронтови;

3. редослед и смер на експлоатацијата на првите откопни полиња до постигнување на полн капацитет на производство;

4. цртежи и планови во соодветен размер, според важечките технички прописи за рударските мерења, мерните книги и рударските планови.

Член 7

Техничкиот опис на подделни делови делови од технолошкиот процес на наоѓалиштето каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини со избор на машинска опрема за секоја поодделна фаза на технолошкиот процес содржи:

1. технолошко решение за откопување,транспорт, одводнување и вентилација со соодветни цртежи и скици;

2. премер и пресметка, односно примена на стандарди;

3. спецификација на опрема, уреди, постројки и инсталација;

4. спецификација на потребната ангажирана работна сила, главниот потрошен материјал и погонската енергија;

5. посебни мерки на заштита при работа.

Член 8

Техничкиот опис на технолошкиот процес на наоѓалиштето каде што се врши подземна експлоатација на минерални суровини содржи технички решенија за откопување, транспорт, проветрување, одводнување и исцедување, изработка и пополнување на јамските простории и подготовка на минерални суровини, како и одлагање на јаловината и одржување на погонот.

Делот кој се однесува на откопување содржи опис и цртежи на предложени откопни методи, димензии на откопот, начин на откопување на сигурносните столбови и таван, опис на подградување и управување со кровината на откопот, опис на проветрување на откопните работилишта и опис на транспортот на ископините од откопните чела.

Делот кој се однесува на јамскиот транспорт содржи решенија на транспортот, со податоци за количината и видот на материјалите, опис за начинот за транспорт и шематски приказ на транспортот, како и посебни мерки за заштита на транспортот. За превоз на луѓе од и до работно место, се одредуваат посебни заштитни мерки.

Делот кој се однесува на проветрување на подземните простории на рудникот содржи пресметка за потребна количина на воздух, шема на вентилационата мрежа, профили на јамските простории, количина на воздух-по грани, основни параметри на главниот вентилатор и локација на вентилационите објекти.

Делот кој се однесува на одводнување и исцедување содржи податоци за количината на подземните и останати води, за начинот на одводнување и исцедување, и нивно прочистување како и податоци за локацијата и капацитетот на уредите и постројките, со опис на заштитни мерки од површински и подземни води.

Делот кој се однесува на пополнување на јамските простории содржи количина и извор на материјалот за пополнување, припремање на засипниот материјал, негов транспорт и начин на пополнување на откопните јамски простории.

Делот кој се однесува на изработка на јамските простории содржи начин, техника на изработка и подградување за одредена карактеристична работна средина во лежиштето и на пропратните карпи, како и одвоз на ископини и проветрување на работните простории.

Делот кој се однесува на подготовка на минералните суровини содржи методи на концентрација, технолошка шема, збогатување (односно оплеменување) и опис на товарањето и складирањето.

Делот кој се однесува на одлагање на јаловината содржи биланс на јамски и останати јаловини, локација на местото за нејзино одлагање, начин на нејзиниот транспорт и соодветни уреди и постројки за истиот.

Делот кој се однесува на одржување на погони содржи организација на контролата за одржување на јамските простории, опреми и постројки, и работилници.

Техничкиот опис на технолошкиот процес, покрај колективните и лични заштитни мерки, содржи и приказ на организацијата за контролата при следење на техничките параметри за благовремено воочување на карактеристични фактори на опасност и за итно преземање на соодветни заштитни мерки, основни начела за организирање служба за спасување и прва помош, како и употреба на соодветни лични заштитни средства.

Член 9

Техничкиот опис на технолошкиот процес, објектите, работите, опремата и снабдувањето со погонска енергија за рудниците со површинска експлоатација, содржи:

1. начин на отворање согласно член 10 од овој правилник;

2. делови од технолошкиот процес на експлоатација, со избор на опрема согласно со член 11 и 12 од овој правилник;

3. видот и начинот на снабдување со погонска енергија согласно со член 13 од овој правилник.

Техничкиот опис од став 1 на овој член содржи соодветна графичка документација.

Член 10

Техничкиот опис на отворањето на наоѓалиштето на површинската експлоатација на минералните суровини содржи:

1. локација и ограничување на површинскиот откоп и на одлагалиштата на јаловина, прикажани на ситуационата карта,

2. одредување висина на етажни и работни и завршни косини, како и висина на одлагалиштето, јаловини врз основа на резултатите од физичките и геомеханички својства на наслагите и конструкција на откопот и јаловиштата;

3. пресметка на минералните суровини и јалови наслаги во ограничен простор на површинскиот откоп и односот на тие маси;

4. искористување на времето одредено за отворање на површинската експлоатација (фонд на време), број на работни смени, ефективно искористување на работното време и организација на работа.

Член 11

Техничкиот опис на деловите на технолошкиот процес при површинска експлоатација на минерални суровини со изборот на опрема за секоја поодделна фаза на технолошкиот процес содржи:

1. технолошко решение со потребни цртежи и скици;

2. пресметка односно примена на стандарди;

3. спецификација на опрема, постројки и инсталации;

4. нормативни работни сили, главниот потрошен материјал и погонската енергија;

5. предмер и пресметка со економски технички показатели;

6. мерки на заштита.

Член 12

Техничкиот опис на технолошкиот процес на површинската експлоатација содржи технички решенија за отворање на површинскиот откоп, експлоатација на минералните суровини, заштита од подземни и површински води, транспорт, припрема на минерални суровини, како и одржување на погонот.

Делот кој се однесува на отворање на површинскиот откоп содржи технички решенија, за отворање на површинскиот откоп, откривање на минерални суровини, одлагање на јаловина, пресметка на масата на откривки и отворање на секоја етажа, како и технолошки процес на откривање и одлагање.

Делот кој се однесува на експлоатација на корисни минерални суровини содржи опис на технологијата за добивање на минерални суровини по етажи.

Делот кој се однесува на заштита на површинските и подземните води содржи податоци за количината на овие води, технички мерки и средства за заштита од површински и подземни води, начин на одводнување и исцедување, локација и капацитет на мерењето.

Делот кој се однесува на транспорт на откривки и корисни минерални суровини содржи количина маса на откривката, корисни минерални суровини останат материјал, како и начин и шема на транспортот по видови на материјали.

Делот кој се однесува на припремата на минералните суровини содржи метода на концентрација, технолошка шема на обогатување, опис на претоварањето и ускладиштувањето, со потребни подлоги за градежно проектирање.

Делот кој се однесува на одржување на погонот содржи организација и контрола на одржување на опремата, постројките, транспортните патишта и работилници.

Технички опис на технолошкиот процес содржи и потребни мерки на заштита (чл.7 став 11).

Член 13

Техничкиот опис за снабдување со погонска енергија за подземна и површинска експлоатација, содржи:

1. снабдување и разводење на електрична енергија;

2. производство и разводење на компримиран воздух;

3. извор и снабдување со индустриска и вода за пиење;

4. производство и разводење на топлотна енергија;

5. телефонски врски, сигнализација и евентуална автоматизација.

Точките 1, 2, 3, 4, и 5 од став 1 на овој член содржат:

1. намена и задача, на база на технолошкиот процес;

2. техничко решение, со потребни цртежи и скици и приказ на начинот на вклопување во целината на рудникот;

3. пресметки, односно примена на важечките стандарди и пропишани технички мерки;

4. мерки на заштита.

Член 14

Техничкиот опис за снабдување и развод на електрична енергија на површина односно во јама содржи: потребна количина на електрична енергија по етажи или погоните на површинскиот коп, односно по јамите, хоризонтите, ревирите и збирно за целиот рудник, начинот на снабдување, локацијата на трафостаниците и главниот развод, како и спецификација на главните електрични уреди и опрема, а посебно заштитата од краток спој, допирен напон, атмосферско празнење и статички електрицитет.

Техничкоот опис за снабдување со компримиран воздух на површина и во јама содржи: потребните количини на компримиран воздух, начин на снабдување, основни параметри на компресорот и на мрежата на водови за компримиран воздух, локација на објектите и спецификација на уредите, главната опрема и инсталациите.

Техничкиот опис за снабдување со индустриска и вода за пиење содржи: биланс на потребата за индустриска вода и вода за пиење, извори, начин на довод и снабдување, избор и локација на пумпните станици за снабдување со индустриска и вода за пиење, уредите за пречистување на водата за пиење, разводот и спецификација на главната опрема и инсталации. Во посебни случаи овој опис содржи и решение за прочистување и испуштање на отпадните води.

Техничкиот опис за снабдување со топлина содржи биланс на потребната енергетска пареа и топлина, начин на снабдување со топлота, основни параметри на уредите и разводната мрежа, локација на објектите и спецификација на опремата и уредите.

Техничкиот опис на телефонските врски, сигнализација и автоматизација ги содржи задачите на телефонските врски и сигнализацијата и програма за евентуална автоматизација и контрола на делови од технолошкиот процес, со соодветни шеми, приказ на вклопувањето во целината на рудникот, како и спецификација на главната опрема.

Член 15

Во техничкиот опис мора да биде прикажан целокупниот технолошки процес, со рекапитулација на работната снага, главната опрема, главните потрошни материјали и погонска енергија - по видови.

Член 16

Технички решенија за одделни рударски објекти подетално се разработуваат во технички проекти за рударски објекти и делови од технолошкиот процес и содржат:

1. проектна задача со потребни соодветни подлоги за проектирање;

2. решение на задачата со технички опис на изведување, избор на конструкција, статичка пресметка и цртежи во соодветна размер;

3. предмер и пресметка на работите со соодветни економски параметри;

4. посебни мерки на заштита.

Техничките проекти или нивни делови за објекти и построенија од посебен (градежен, електротехнички, машински итн.) карактер покрај елементите предвидени со рударските прописи содржат и елементи спрема прописите за односната врста на техника.

Член 17

Дополнителен рударски проект за отварање и експлоатација на нови хоризонти, ревири, делови од рудните слоеви или рудни тела, во постојните рудници со подземна или површинска експлоатација (во понатамошниот текст нови подрачја на експлоатација) ги содржат сите елементи утврдени со овој ррављилник за главни рударски проекти, кои се однесуваат на отварање и експлоатација на новото подрачје за експлоатација, доколку не се опфатени со главниот рударски проект и не се изменети.

Член 18

Дополнителен рударски проект за нови рударски извозни окна и ветрени окна содржи:

1. намена и задача на објектот, со адекватни подлоги за проектирање;

2. локација и вклопување на објектот во постојната состојба на рудникот;

3. адекватни технички проекти согласно чл.16 од овој правилник.

Член 19

Дополнителен рударски проект за јамски магацини за експлозиви (јамски магацини за експлозив и средства и технички горива и мазива) содржи:намена и задача, конструкција, статичка пресметка, предмер и пресметка на работите, како и посебните мерки за заштита согласно член 16 на овој правилник.

Член 20

Дополнителен рударски проект за промена на откопната метода содржи:

1. проектна задача;

2. приказ на постојната откопна метода со образложение за потребата за измена на истата;

3. техничко решение на задачата за промена на откопната метода, со означување на димензиите на откопот, начинот на добивање, подградување, управување со кровината, проветрување на откопните работни места, одвоз на ископот и енергетски решенија со скици и цртежи;

4. технички пресметки односно применетите стандарди;

5. спецификација на машинската опрема, постројки и инсталации;

6. нормативи на работна снага, потрошниот материјал и погонската енергија;

7. пресметка на откопниот учинок и учинокот на откопното поле при примена на новата откопна метода, како и споредбен преглед на остварените учинци при примена на на старата откопна метода;

8. мерки за заштита.

Член 21

Упростен рударски проект за работа на објектите, уредите и постројките во постојните рудници и површинските откопи, кои не се опфатени со главниот и дополнителниот рударски проект содржи:

1. проектна задача и намена, со потребна подлога за проектирање;

2. техничко решение, со локација, и вклопување во постојниот рудник;

3. технички опис за начинот на изработка и видот на подградување;

4. енергетски решенија;

5. предмер и пресметка;

6. цртежи и скици во соодветен размер;

7. посебни мерки за заштита.

Член 22

Проектите за изведување на рударски истражни работи ги содржат сите предвидени рударско-геолошки работи, коишто се опфатени со Програмата за вршење на истражување, како и во услови кога треба да се заокружи процесот на изградба на нови или стари објекти кои треба да се реконструират или да им се промени намената, и тоа:

- поткопи - хоризонти;
- вентилациони окна;
- производни окна;
- вентилациони ходници и пречници и ходници за одводнување, како и водособирници;
- раскопи, усеци и други објекти кои сами за себе преставуваат целина.

Член 23

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 3283/6
8 октомври 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

---

**1691.**

Врз основа на член 58 став 3 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.24/07), министерот за економија донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИН НА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот на добивање на лиценца и овластување за изработка на геолошка документација.

Член 2

Лиценца за изработка на геолошка документација се издава на лица кои се вработени кај правните или физичките лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија.

Лицата од став 1 на овој член добиваат лиценца за изработка на геолошка документација по претходно полагање на стручен испит.

Член 3

Право за полагање на стручен испит за изработка на геолошка документација имаат дипломираните инженери по геологија – VII/1, кои имаат три години работно искуство во областа на изработка на геолошка документација.

Член 4

Стручниот испит за изработка на геолошка документација се состои од:

1. проверка на знаењето на законските прописи од областа на минералните суровини, работните односи и заштита при работа, преку полагање на писмен текст;
2. изработка на стручен труд;
3. усно образложение-одбрана на стручниот труд.

Член 5

Стручниот испит од член 2 на овој правилник се полага пред Комисија за спроведување на постапка за полагање на стручен испит за изработка на геолошка документација (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата е составена од претседател, два члена и секретар.

Членовите на Комисијата од став 1 на овој член се назначуваат од редот на стручни и научни работници.

За својата работа при спроведувањето на стручниот испит за секој барател се води посебен записник.

Член 6

Барање за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација се поднесува до Комисијата, при што барателот приложува:

- заверен препис од дипломата за завршено образование;
- извод од матичната книга на родените;
- уверение за државјанство;
- потврда за работно искуство на соодветни работни места;
- најмалку два писмени и образложени предлози за изработка на стручен труд; и
- потврда за извршена уплата за добивање на Лиценца.

Член 7

По разгледување на поднесеното барање за добивање на лиценца од член 6 на овој правилник, Комисијата во рок од 15 дена утврдува дали барањето заедно со приложената документација ги исполнува условите определени во овој правилник и утврдува кој од поднесените предлози за изработка на стручен труд од областа на геолошката документација ќе бидат предмет на одбрана и изработка на стручниот испит за што писмено го известува барателот.

Во писменото известување од став 1 на овој член Комисијата го определува точниот датум, време и место за полагање на стручниот испит, како и писмениот и образложен предлог за изработка на стручен труд.

Времетраењето помеѓу писменото известување доставено до барателот од страна на Комисијата не може да биде пократко од шест, а подолго од дванаесет месеци.

Доколку Комисијата утврди дека поднесените предлози за изработка на стручен труд од областа на геолошката документација не можат да се прифатат, Комисијата писмено ќе го извести барателот и ќе му наложи во рок од 15 дена повторно да достави нови два писмени и образложени предлози за изработка на стручен труд од областа на геолошката документација. Во спротивно, Комисјата ќе го отфрли барањето за добивање на лиценца и ќе смета како и да не било поднесено.

Доколку кандидатот е спречен на утврдениот датум, време и место да го полага стручниот испит, треба да достави доказ за неговата спреченост.

Член 8

Барателот треба до Комисијата да го достави изработениот стручен труд најкасно 60 дена пред определениот датум за полагање на стручниот испит.

По доставувањето на изработениот стручен труд од страна на барателот на Лиценцата, Комисијата врши контрола во поглед на примената на законите и техничките нормативи што се применуваат при изработка на геолошка документација. Доколку Комисијата утврди дека во поголем дел или во целост изработениот стручен труд отстапува од законите и техничките нормативи што се применуваат при изработка на геолошка документација, за тоа писмено ќе го извести барателот во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на стручниот труд со укажување на отстапувањата при неговата изработка, при што ќе се определи дополнителен рок од 30 дена за корекција и исправање на утврдените отстапувања.

Доколку по истекот на определениот рок од 30 дена за корекција и исправање на утврдените отстапувања, барателот не го достави изработениот стручен труд согласно укажувањето, барањето за издавање на лиценца ќе се смета како отфрлено. Во спротивно постапката продолжува согласно одредбите од овој правилник.

Член 9

Тестот за полагање на стручниот испит содржи прашања од Програмата која е дадена во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

Прашањата за полагање на стручниот испит односно тестот ги изработува Комисијата најрано три дена пред спроведување на тестот.

Кандидатот треба да одговори точно на 70% од вкупно поставените прашања, кои не можат да бидат помалку од дваесет, а повеќе од триесет.

Тестот за полагање на стручниот испит трае 60 минути.

По истекот на времето за полагање на тестот Комисијата се повлекува и врши преглед на тестот и утврдува дали кандидатот одговорил на прашањата од тестот согласно став 3 од овој член, при што Претседателот на Комисијата му соопштува на кандидатот за резултатите од тестот “положил” или “не положил”.

За спроведување на дејствијата од ставовите 3, 4 и 5 од овој член се води посебен записник.

Член 10

Доколку барателот на Лиценцата го положил тестот од член 9 од овој правилник, Комисијата продолжува со спроведувањето на стручниот испит преку усна одбрана на изработениот стручен труд за областа на геолошката документација.

За времетраењето на усната одбрана членовите на Комијата може да поставуваат прашања и да бараат појаснувања.

Времетраењето на усната одбрана од став 1 на овој член не може да трае подолго од шеесет минути.

По завршувањето на усната одбрана, Комисијата се повлекува и со гласање утврдува дали кандидадот го “одбранил” или “не одбранил “ изработениот стручен труд, и за тоа Претседателот на Комисијата го известува кандидатот.

За спроведување на дејствијата од ставовите 2, 3 и 4 од овој член се води посебен записник.

Член 11

По завршување на постапката за полагање на стручниот испит, имајќи ги во предвид резултатите од спроведениот тест, како и одбраната на изработениот стручен труд, Комисијата констатира дека барателот го положил, односно не го положил стручниот испит.

Лицето кое го положило стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација се стекнува со Лиценца за изработка на геолошка документација во рок од 30 дена од денот на полагањето на испитот.

Лиценцата за изработка на геолошка документација од став 2 на овој член се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во светло кафеава боја.

Содржината на образецот на лиценцата за изработка на геолошка документација од став 3 на овој член е дадена во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник

Член 12

За изработка на геолошка документација правните и физичките лица кои се запишани во Централниот регистар на Република Македонија, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Централниот регистар на Република Македонија, министерот за економија издава Овластување за изработка на геолошка документација.

Член 13

Правните и физички лица од член 12 на овој правилник за стекнување на Овластување треба да имаат вработено едно лице - дипломиран инженер по геологија кое поседува лиценца за изработка на геолошка документација.

Член 14

Барањето за издавање на Овластување за изработка на геолошка документација се поднесува до Министерството за економија.

Кон барањето од став 2 на овој член се приложува:

- извод од Централен регистар на Република Македонија;

- заверен препис за лицата кои се вработени од лиценците за изработка на геолошка документација на лицата од член 13 став 2 алинеја 2 од овој правилник.

Доколку барателот не ја приложи потребната документација од став 2 на овој член, Министерството за економија во определен рок ќе го повика барателот да ја достави потребната документација. Во спротивно Министерството за економија ќе го отфрли барањето и ќе смета како и да не било поднесено.

Член 15

По разгледување на барањето за издавање на Овластување за изработка на геолошка документација од страна на Министерството за економија, доколку се констатира дека се исполнети условите за издавање на Овластување, на подносителот на барањето му се издава Овластување за изработка на геолошка документација, во рок не подолг од 15 дена сметано од денот на поднесување на барањето за издавање на Овластувањето.

Член 16

Овластувањето за изработка на геолошка документација од член 15 на овој правилник се издава на образец во А4 формат на тврда хартија во светло кафеава боја.

Содржината на образецот на Овластувањето за изработка на геолошка документација од став 1 на овој член е дадена во Прилог бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 17

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 3283/6
8 октомври 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

**Прилог бр. 1**

## П Р О Г Р А М А
## за полагање на стручен испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација

Стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација го полагаат стручни лица од областа на геошките насоки, кои имаат VII1 степен на образование и повисоко.

Програмата за полагање на стручниот испит за добивање на лиценца за изработка на геолошка документација се состои од два дела и тоа:

### I. СТРУЧЕН ДЕЛ

Првиот дел од Програмата за полагање на стручниот испит се состои од:

1. проверка за стекнатото работно искуство
2. преглед на писмено изработениот стручен труд (Елаборат за извршените детални геолошки истражувања)
3. Усмена одбрана на стручниот труд
4. усмена стручна дискусија за областа во која е изработен стручниот труд.

### II. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Вториот дел од Програмата за полагање на стручниот испит се однесува на проверката на знаењето од познавањето на законската регулатива поврзана со геолошките истражувања, а ги опфаќа следните поглавја:

**а) Законска регулатива**

1. Основни принципи на уставното уредување на Република Македонија.
2. Закон за работни односи и тоа во однос на:
• утврдување на правата и обврските и одговорностите на работниците.
• засновање на работен однос.
• распоредување на работниците.
• работно време.
• заштита на работникот на работа.
• стручно образование и усовршување на работникот.
• одговорност на работникот.
3. Доход и тоа во поглед на:
• односи во распределба на доходот и чистиот доход.
• средства за личен доход.
4. Законски прописи за инвестиции (заедничка методологија), пристап и реализација на инвестиционите објекти, техничка документација, отстапување и изведување на работите, надзор, преглед и одобрение за употреба.
6. SI - систем за мерни единици.

**б) Проверка на знаењето за законите и подзаконските акти**

Овој дел од стручниот испит согласно програмата се состои од проверка на познавање на следните закони и подзаконски акти:

1. Закон за минерални суровини ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 24/07).
2. Закон за техничка инспекција („Сл. весник на Република Македонија" бр. 48/99).
3. Закон за заштита при работа ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 18/98, 17/87).
4. Закон за заштита од експлозивни материи ("Сл. весник на СРМ" бр. 4/78, 10/78, 51/88, 36/91, 12/93).
5. Закон за промет на експлозивни материи ("Сл. весник на Република Македонија" бр.12/93, 31/93).
6. Закон за изградба на инвестициони објекти ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 15/90, 11/91, 11/94, 18/99).
7. Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на лежишта на минерални суровини ("Сл. лист на СФРЈ" бр.4/86, 62/87).
8. Правилник за технички нормативи за површинска експлоатација на архитектонско-градежен камен, технички камен и нивна преработка ("Сл. лист на СФРЈ" бр. 11/86).
9. Правилник за технички нормативи при ракување со експлозивни средства и минирање во рударството ("Сл. лист на СФРЈ" бр.26/88).
10. Правилник за техничките нормативи при изградбата на јамски магацини за експлозивни средства во рудниците за подземна експлоатација на минерални суровини ("Сл. лист на СФРЈ" бр.12/88).
11. Правилник за технички нормативи за подземна експлоатација на метални и неметални минерални суровини. ("Сл. лист на СФРЈ" бр.24/91).
12. Закон за концесии („Сл. весник на Република Македонија" бр. 42/93, 40/99).
13. Закон за стандардизација („Сл. весник на Република Македонија" бр. 23/95).
14. Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на Република Македонија" бр. 4/96, 28/97, 18/99).
15. Закон за заштита и унапредување на животната средина и природата ("Сл. весник на Република Македонија" бр.51/2000).
16. Закон за води ("Сл. весник на Република Македонија" бр.4/98).
17. Закон за заштита од пожари ("Сл. весник на Република Македонија" бр.43/86, 37/87, 51/88, 36/90).
18. Закон за енергетика ("Сл. весник на Република Македонија" бр.47/97, 40/40/99, 98/2000).
19. Правилник за технички нормативи при превозот на луѓе и материјал по окната на рудниците ("Сл. лист на СФРЈ" бр. 4/80, 12/85, 35/87 и 51/88).
20. Правилник за технички нормативи при превозот на луѓе во рудниците со подземна експлоатација на метални минерални суровини во хоризонтални и коси простории ("Сл. лист на СФРЈ" бр.34/89).
21. Правилник за технички нормативи за превоз со транспортни траки во рударството ("Сл. лист на СФРЈ" бр. 5/73, 12/74, 4/86, 4/89).
22. Правилник за техничките нормативи за машини со дизел-мотори што се користат при подземни рударски работи во неметански јами ("Сл. лист на СФРЈ" бр.66/78).
23. Правилник за мерките и нормативите за заштита при работа на орудијата за работа ("Сл. лист на СФРЈ" бр.18/91).
24. Правилник за техничките нормативи за електрични построенија и уреди во рударството со површинска експлоатација на минерални суровини ("Сл. лист на СФРЈ" бр. 66/87).
25. Правилник за техничките нормативи за електрични построенија и уреди во рударството со подземна експлоатација ("Сл. лист на СФРЈ" бр.21/88, 90/91).
26. Правилник за максимално дозволените концентрации и количества и за други материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување ("Сл. весник на РМ" бр. 3/90).
27. Други закони, правилници, наредби и прописи кои ќе бидат усвојувани во идниот период а ќе ја регулираат областа на рударството и геологијата.

* * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * * *

• Литературата за полагање на испитот кандидатите ја обезбедуваат самостојно а листата со потребните закони и правилници може да се добие од секретарот на Комисијата при пријавување на стручнот испит.


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 58 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 24/2007), МИНИСТЕРОТ ЗА ЕКОНОМИЈА ИЗДАВА

ЛИЦЕНЦА

БРОЈ________

НА

________________________________
дипломиран инженер геолог

ЕМБ ___________

НОСИТЕЛОТ НА ЛИЦЕНЦАТА СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТКА НА ГЕОЛОШКИ ПРОЕКТИ

Бр. __________

______ 200___ год.
Скопје

МИНИСТЕР,

____________________

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

**1692.**

Врз основа на член 144 став 2 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06 и 5/07), министерот за здравство донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРИПРАВНИЧКИОТ СТАЖ И ЗА СТРУЧНИОТ ИСПИТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО СРЕДНО, ВИШЕ И ВИСОКО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ТРАЕЊЕ ОД ТРИ ГОДИНИ

Член 1

Во Правилникот за приправничкиот стаж и за стручниот испит на здравствените работници со средно, више и високо стручно образование во траење од три години ("Службен весник на РМ" бр. 65/04 и 80/07), во член 4 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"Во текот на приправничкиот стаж здравствениот работник треба да ги совлада и прописите од областа на здравствената заштита и здравственото осигурување".

Член 2

Член 10 став 1 се менува и гласи:

"Испитната комисија образувана во јавната здравствена установа пред која здравствените работници полагаат стручен испит брои три члена од кои: претседателот е здравствен работник со високо образование од областа на медицината, стоматологијата односно фармацијата, еден од членовите е дипломиран правник со најмалку пет години работно искуство во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување, а другиот е здравствен работник со завршено средно, више или високо стручно образование во траење од три години од областа на медицината, стоматологијата односно фармацијата, односно со средно или више образование од областа на фармацијата, во зависност од занимањето на здравствените работници кои го полагаат стручниот испит".

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Министер,
д-р **Имер Селмани,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1693.**

Врз основа на член 20 став 3 од Законот за волонтерство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/07), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ВОЛОНТЕРСКАТА КНИШКА, НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на волонтерската книшка (во натамошниот текст: "книшка"), начинот на нејзиното издавање и запишување на податоците.

Член 2

Книшката е тврдо подврзана, а кориците се од импрегнирано платно во светло зелена боја.

Формата на книшката е 10,5 см широчина и 14,5 см. должина.

Член 3

Книшката содржи 20 страници.

На првата страна на корицата суво е втиснат грбот на Република Македонија. Над грбот суво е втиснат називот: "РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА", а под грбот суво е втиснат називот: "ВОЛОНТЕРСКА КНИШКА".

На втората страна на корицата на средина има место за слика со димензии 3,5 Х 4,5 см.

На третата страна се запишува: име и презиме. Под името и презимето се запишува матичен број на лицето; ден, месец и година на раѓање; место, општина и држава на раѓање; адреса и место на живеење; државјанство и потпис на волонтерот.

На страните од 4 до 17 се содржани податоци за волонтерската работа, реден број на волонтерската работа, назив и седиште на организаторот, вид на волонтерската работа, вид на обука, времетраење на волонтерската работа и печат и потпис.

На страна 18 се содржани белешки во кои се впишуваат податоци поврзани со волонтерската работа на волонтерот, а кои не можеле да бидат впишани во ниту една од рубриките во книшката.

Член 4

Книшката се издава според образецот кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Податоците во книшката се впишуваат со мастило и со печатни букви од страна на организаторот на волонтерската работа.

Неточниот текст во книшката се прецртува, така да може да се прочита прецртаниот текст.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-10359/1
10 октомври 2007 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Љупчо Мешков,** с.р.



МЕСТО
ЗА
СЛИКА

2

Име и презиме

Матичен број

Ден, месец и година на раѓање

Место , општина и држава на раѓање

Адреса и место на живеење

Државјанство

Потпис на волонтерот

3

## Податоци за волонтерската работа

| Ред.Број | Назив и седиште на организаторот | Вид на волонтерска работа | Вид на обука | Времетраење Од | До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | | |
| 2 | | | | | | |
| 3 | | | | | | |

4 5

## Податоци за волонтерската работа

| Ред.Број | Назив и седиште на организаторот | Вид на волонтерска работа | Вид на обука | Времетраење Од | До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | | | | | |
| 5 | | | | | | |
| 6 | | | | | | |

6 7

Податоци за

| Ред.Број | Назив и седиштето на организаторот | Вид на волонтерска работа |
|---|---|---|
| 7 | | |
| 8 | | |
| 9 | | |

8

волонтерската работа

| Вид на обука | Времетраење Од | До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

9

Податоци за

| Ред.Број | Назив и седиштето на организаторот | Вид на волонтерска работа |
|---|---|---|
| 10 | | |
| 11 | | |
| 12 | | |

10

волонтерската работа

| Вид на обука | Времетраење Од | До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

11

Податоци за

| Ред.Број | Назив и седиштето на организаторот | Вид на волонтерска работа |
|---|---|---|
| 13 | | |
| 14 | | |
| 15 | | |

12

волонтерската работа

| Вид на обука | Времетраење Од | До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

13

Податоци за волонтерската работа

| Ред.Број | Назив и седиште на организаторот | Вид на волонтерска работа | Вид на обука | Времетраење Од | Времетраење До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | |
| 17 | | | | | | |
| 18 | | | | | | |

14 15

Податоци за волонтерската работа

| Ред.Број | Назив и седиште на организаторот | Вид на волонтерска работа | Вид на обука | Времетраење Од | Времетраење До | Печат и потпис |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 19 | | | | | | |
| 20 | | | | | | |
| 21 | | | | | | |

16 17

Белешки

18

---

**1694.**

Врз основа на член 8 став 3 од Законот за волонтерство ("Службен весник на РМ" бр. 85/07), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ НА СТРАНСКО ЛИЦЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласност за волонтирање на странско лице во Република Македонија.

Член 2

Барање за издавање на согласност за волонтирање на странско лице поднесува организаторот на волонтерската работа.

Барањето од став 1 на овој член се поднесува до Министерството за труд и социјална политика.

Член 3

Кон барањето за издавање на согласност се доставуваат следниве документи:

- договор за волонтирање;
- програма за волонтирање;
- документ, со кој се докажува идентитетот на странецот;
- изјава дека не е казнуван за прекршок;
- копија од упис во Централниот регистар на Република Македонија, односно надлежниот основен суд на организаторот на волонтерската работа и
- висината и начинот на покривање на патните трошоците и трошоците за престој на волонтерот.

Член 4

За лице кое има волонтирано во Република Македонија, кон барањето од член 3 на овој правилник се доставува и известување за активностите кои волонтерот ги има реализирано во текот на претходно издадената согласност за волонтирање.

Член 5

Евиденцијата согласно со овој правилник се води од страна на Министерството за труд и социјална политика врз основа на податоците добиени во постапката за издавање согласност за волонтирање на странски лица.

Евиденцијата од став 1 на овој член се води рачно или електронски.

Член 6

Ако Министерството за труд и социјална политика не биде известено од страна на организаторот на волонтерската работа за почетокот на волонтирањето на странското лице согласно закон, странското лице се брише од евиденцијата за издавање на согласност.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-10360/1
10 октомври 2007 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Љупчо Мешков,** с.р.

**1695.**

Врз основа на член 19 став 2 од Законот за волонтерство („Службен весник на Република Македонија” бр. 85/07), министерот за труд и социјална политика донесе

## П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСКАТА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденцијата на волонтерската работа за сите волонтери.

Член 2

Евиденцијата од член 1 се води рачно или електронски и се внесуваат податоци за:

- реден број;
- личните податоци на волонтерот (име и презиме, матичен број, место на живеење, односно место на престојувалиште);
- број на договор склучен со домашно физичко лице;
- број на договор склучен со странско физичко лице;
- писмен документ потпишан од двете страни во кој се утврдени правата и обврските на волонтерот и организаторот на волонтерската работа за волонтерите за кои не е склучен писмен договор;
- времетраење на волонтирањето;
- времетраење на волонтерски часови во текот на месецот;
- вид и времетраење на обуката која волонтерот ја имал за време на волонтирањето и
- потпис на волонтерот и лицето овластено за застапување и печат.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-10361/1 | Министер |
| 10 октомври 2007 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | **Љупчо Мешков,** с.р. |

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**1696.**

Врз основа на член 208 став (4) од Законот за животна средина („Службен весник на РМ” бр. 53/05, 81/05 и 24/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесува

## П Р А В И Л Н И К ЗА СОДРЖИНАТА, ФОРМАТА И НАЧИНОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Член 1

**Предмет**

Со овој правилник се пропишува содржината, формата и начинот на донесување на планот за вршење на инспекциски надзор (во понатамошниот текст: планот) од страна на директорот на Државниот инспекторат за животна средина односно градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје.

Член 2

**Содржина и форма на планот за инспекциски надзор**

(1) Содржината и формата на планот кој го донесува директорот на Државниот инспекторат за животна средина се дадени во прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Содржината и формата на планот кој го донесува градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

**Начинот на донесување на планот за вршење на инспекциски надзор**

(1) Овластениот инспектор за животна средина до градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје доставува предлог план за вршење инспекциски надзор за наредната година најдоцна до 15 ноември во тековната година.

(2) Државниот инспектор за животна средина и државниот инспектор за заштита на природата до директорот на Државниот инспекторат за животна средина доставува предлог план за вршење инспекциски надзор за наредната година најдоцна до 15 ноември во тековната година.

(3) Врз основа на предлог планот од став (1) на овој член, градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје подготвува план за наредната година најдоцна до 1 декември во тековната година и истиот го доставува до Државниот инспекторат за животна средина најдоцна до 10 декември во тековната година.

(4) Директорот на Државниот инспекторат за животна средина доставува мислење и забелешки по планот од став (3) од овој член најдоцна до 31 декември во тековната година.

(5) Градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во град Скопје добиените мислења и забелешки согласно став (4) на овој член соодветно ги вградува во планот за наредната година.

(6) Врз основа на предлог планот од став (2) на овој член директорот на Државниот инспекторат за животна средина го подготвува планот за наредната година најдоцна до 15 декември во тековната година и истиот го доставува на мислење до министерот за животна средина и просторно планирање.

(7) Планот од член (1) од овој правилник директорот на Државниот инспекторат за животна средина односно градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општината во градот Скопје го донесува секоја година најдоцна до 15 јануари во тековната година.

**Влегување во сила**

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-5247/4 | Министер |
| 4 октомври 2007 година | за животна средина и |
| Скопје | просторно планирање, |
| | **Џелил Бајрами**, с.р. |

**ПРИЛОГ 1 - ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА __________ година**

**А) дел животна средина**

| 1. Податоци за инспекторот | |
|---|---|
| 1.1.Име и презиме | |
| 1.2.Орган на државна управа | |
| 1.3.Подрачје | |

**2. Податоци за планиран редовен инспекциски надзор по сектори и инсталации, и приказ на времето потрошено за инспекциски надзор**

**2. 1. Подрачје на планиран инспекциски надзор :**

**2.2. Временски распоред и динамика на планираниот редовен инспекциски надзор,по сектори и инсталации**

| ред бр. | Инсталација | Сектор | Друго | област | Медиум/ област | МЕСЕЦ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно : | Вкупно по сектори : | Вкупно : | Вкупно по области : | Вкупно по медиуми : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : |

**Вкупно планиран редовен инспекциски надзор за __________ година :**

**2. 3. Анализа на времето планирано за спроведување на постапката за редовен инспекциски надзор (припремни активности, терен, работа во канцеларија, прекршочни и судски постапки и друго) дадено во работни денови**

| Ред. Бр. | Место на планиран редовен инспекциски надзор | Припрема | Увид на лице место | Работа во канцеларија | Присуство на судење | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : |
| ВКУПНО ВРЕМЕ : | | | | | | |

**3. Податоци за планирана соработка со други надлежни органи при вршење на инспекциски надзор**

**4. Планирано учество на работилници, семинари, тренинзи и друго**

**Б) дел природата**

| 1. Податоци за инспекторот | |
|---|---|
| 1.1.Име и презиме | |
| 1.2.Орган на државна управа | |
| 1.3.Подрачје | |

**2. Податоци за планираниот редовен инспекциски надзор на заштитените подрачја и друго, вклучувајќи го инспекцискиот увид, како и приказ на времето потрошено за инспекциски надзор**

**2. 1. Подрачје на планиран инспекциски надзор**

**2.2. Временски распоред и динамика на планираниот редовен инспекциски надзор**

| Ред. Бр. | Заштитено подрачје | Друго | јан | фев | март | април | мај | јуни | јули | август | септ | окт | ноем | дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: | Вкупно: |

**2. 3. Анализа на времето планирано за спроведување на постапката за редовен инспекциски надзор (припремни активности, терен, работа во канцеларија, судски постапки и друго) дадено во денови**

| Ред. Бр. | Каде е планиран редовен инспекциски надзор | Припрема | Увид на лице место | Работа во канцеларија | Присуство на судење | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : |
| Вкупно време : | | | | | | |

**3. Планирана соработка со други надлежни органи при извршениот инспекциски надзор**

**4. Планирано учество на работилници, семинари, тренинзи и друго**

**Прилог 2 - ПЛАН ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОПШТИНА/ГРАД СКОПЈЕ/ОПШТИНА ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ - ____________________, ЗА __________ ГОДИНА.**

| 1. Податоци за инспекторот | |
|---|---|
| 1.1.Име и презиме | |
| 1.2.Орган на државна управа | |
| 1.3.Подрачје | |

**2. Податоци за планиран редовен инспекциски надзор по сектори и инсталации, и приказ на времето потрошено за инспекциски надзор**

**2. 1. Подрачје на планиран инспекциски надзор :**

**2.2. Временски распоред и динамика на планираниот редовен инспекциски надзор,по сектори и инсталации**

| ред бр. | Инсталација | Сектор | Друго | област | Медиум/ област | МЕСЕЦ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Вкупно : | Вкупно | Вкупно : | Вкупно | Вкупно по | Вку | Вку | Вку | Вку | Вку | Вку | Вку | Вкупн | Вку | Вку | Вку | Вку |

| | | по сектори : | | по области : | медиуми : | пно : | пно : | пно : | пно : | пно : | пно : | пно : | о : | пно : | пно : | пно : | пно : |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

Вкупно планиран редовен инспекциски надзор за ___________ година :

## 2. 3. Анализа на времето планирано за спроведување на постапката за редовен инспекциски надзор (припремни активности, терен, работа во канцеларија, прекршочни и судски постапки и друго) дадено во работни денови

| Ред. Бр. | Место на планиран редовен инспекциски надзор | Припрема | Увид на лице место | Работа во канцеларија | Присуство на судење | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : | Вкупно : |
| ВКУПНО ВРЕМЕ : | | | | | | |

## 3. Податоци за планирана соработка со други надлежни органи при вршење на инспекциски надзор

## 4. Планирано учество на работилници, семинари, тренинзи и друго

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1697.**

Врз основа на член 44 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија објавува

### О Г Л А С

За избор на претседатели на: Апелационен суд – Скопје, Основен суд – Битола; Основен суд – Крушево; Основен суд – Кочани; Основен суд – Кратово, Основен суд – Охрид и Основен суд – Струга.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06), (државјанин на Република Македонија, активно да го владее македонскиот јазик, работоспособен и да има општа здравствена способност, стеката универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија и положен правосуден испит во Република Македонија), член 47 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06), (кандидатот за претседател на суд кој се избира од редот на судиите на Република Македонија за време од четири години, да приложи програма за работа во текот на мандатот) и член 43 став 1 и 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/95, 45/95 и 64/2003) во врска со член 127 од преодните и завршни одредби од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06), (работно искуство со потврдени резултати од најмалку 5 години судиски стаж, а за судија на апелационен суд над 9 години), пријавите со потребните документи во оригинал или заверена фотокопија, ќе ги поднесат до Судскиот совет на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија“. Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 07-1731/1
19 октомври 2007 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### ОБРАЗЕЦ НА БАРАЊЕ ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АВТОНОМНА ТАРИФНА КВОТА ЗА ПЧЕНИЦА*

| | | |
|---|---|---|
| 1. УВОЗНИК Бр. | | 3.ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ Бр. |
| 2. ПЧЕНИЦА) (ЗЕМЈА) | | одговорно лице (м.п) |
| 4. ЕДИН. МЕРА | 5.КОЛИЧИНА | 6.ТАРИФНА ОЗНАКА (десет цифри) **1001 90 99 00** |
| 7.ОПИС **Пченица и наполица: Друго** | | |
| 8. Број. на ЕЦД и ДАТУМ | | 9. ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ одговорно лице (м.п) |

**ПОТВРДА ЗА РАСПРЕДЕЛЕНА АВТОНОМНА ТАРИФНА КВОТА ЗА ПЧЕНИЦА**

| 1. Број | 2. Датум | 3. Тарифна Ознака | 4. Един. мера | 5. Количина |
|---|---|---|---|---|
| | | 1001 90 99 00 | | |
| Одговорен царински службеник | | | | (м.п) |

ЗАБЕЛЕШКА: БАРАЊАТА КОИ НЕ СЕ ЦЕЛОСНО ПОПОЛНЕТИ ЌЕ БИДАТ ОТФРЛЕНИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ Е НАПЛАТЕНА АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА ПО ТАРИФЕН БРОЈ 1 И ТАРИФЕН БРОЈ 7

* Овој образец е составен дел на Одлуката за укинување на увозните давачки за пченица, објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 126 од 16 октомври 2007 година.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.
Претплатата за 2007 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2007128